Врз основа на член 7 став 4, член 8 став 4, член 10 став 4, член 11 став 4 од Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (“Службен весник на Република Македонија“ бр.110/07 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА СТАНДАРД АУТПУТОТ КАКО И НАЧИНОТ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ОД МРЕЖАТА, МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТИПОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА, КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ПО ТИП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО И КЛАСИТЕ НА ЕКОНОМСКА ГОЛЕМИНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА, МАКСИМАЛНИОТ БРОЈ И МИНИМАЛНАТА ЕКОНОМСКА ГОЛЕМИНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ СТОПАНСТВА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕДИНИСТВЕНИОТ ОБРАЗЕЦ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОХОДОТ И АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува:

- методологијата за пресметка, Стандард Аутпут коефициентите како и начинот за прибирање на податоците и информациите од мрежата;
- методологијата за утврдување на типологија на земјоделски стопанства, како и класификацијата на земјоделски стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделските стопанства;
- максималниот број на сметководствени стопанства, како и минималната економска големина на сметководствените стопанства и
- формата и содржината на Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства.

### Член 2

Стандард Аутпутот кој претставува стандардна вредност на бруто производството.се определува на ниво на регион и за најзначајните видови на растително и сточарско производство кои се опфатени во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделски стопанства.

Методологијата за пресметување на Стандард Аутпутот за видовите на производство од став 1 на овој член се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Вкупниот Стандард Аутпут на земјоделското стопанство треба да одговара на збирот од вредностите добиени од секој вид на производство со множење на Стандард Аутпутите пресметани по единица со бројот на кореспондентните единици.

За пресметка на Стандард Аутпутот за мрежата на сметководствени податоци од земјоделските стопанства за годината n, “референтен период” значи годината n-3 што опфаќа пет последователни години од годината n-5 до годината n-1.

Стандард Аутпутите се определуваат со користење на просечни основни податоци кои се пресметани за референтен период за видовите на производство од став 1 на овој член.

Стандард Аутпутите од став 1 на овој член се ажурираат секогаш кога се вршат структурни истражувања на земјоделски стопанства за да се земат во предвид економските трендови.

Првиот референтен период за кој треба да се пресметаат Стандард Аутпутите кореспондира со референтниот период 2007 опфаќајќи ги календарските години 2005, 2006, 2007, 2008 и 2009 или производствените земјоделски години 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09 и 2009/10.

По исклучок од став 7 на овој член, Стандард Аутпутот се пресметува за референтниот период 2004, за видовите на производство од мрежата на сметководствени податоци од земјоделските стопанства за 2007 година и референтниот период ги опфаќа календарските години 2003, 2004, 2005 или производствените земјоделски години 2003/04, 2004/05, 2005/06.

Член 3

Типологијата на земјоделски стопанства се утврдува според земјоделското производство и економската големина, како и значењето на другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство.

Член 4

Типот на земјоделско производство на едно земјоделско стопанство се определува преку релативниот придонес на Стандард Аутпутот на различните видови на производство на даденото земјоделско стопанство во вкупниот Стандард Аутпут на земјоделското стопанство.

Во зависност од степенот на точност на типот на земјоделско производство, типовите на земјоделско производство од став 1 на овој член се поделени на:

- Основни типови на земјоделско производство
- Главни типови на земјоделско производство
- Посебни типови на земјоделско производство

Класификацијата на земјоделските стопанства по тип на земјоделско производство е дадена во Прилог 1, табела А, кој е составен дел на овој правилник.

За потребите за класификација на земјоделските стопанства по тип на земјоделско производство се користат еквивалентни наслови кај структурните истражувања на земјоделските стопанства и единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделски стопанства за потребите на мрежата и кодови за прегрупирање за неколку видови на производство кои се вклучени во структурните истражувања на земјоделските стопанства.

Коресподенцијата помеѓу насловите за структурни истражувања на земјоделски стопанства и единствениот образец за определување на доходот на земјоделските

стопанства и анализа на деловното работење на земјоделски стопанства и кодовите за прегрупирање за неколку видови на производство кои се вклучени во структурните истражувања на земјоделските стопанства се дадени во Прилог 1 табела Б од овој правилник.

Дефиниција за типот на земјоделското производство од став 1 на овој член е дадена во Прилог 1, табела В од овој правилник.

Член 5

Економската големина на земјоделското стопанство се определува врз основа на вкупниот Стандард Аутпут на земјоделското стопанство.

Вкупниот Стандард Аутпут од став 1 на овој член се изразува во евра.

Начинот за пресметување на економската големина на земјоделското стопанство и класите на економската големина се наведени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Значењето на другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство, а не се земјоделски активности на стопанството се определува врз основа на процентот на другите профитабилни активности во финалниот аутпут на земјоделското стопанство.

Односот на другите профитабилни активности во финалниот аутпут на земјоделското стопанство се изразува како процентуален опсег.

Процентуалниот опсег од став 2 на овој член е даден во Прилог 3, дел В кој е составен дел на овој правилник.

Дефиницијата на другите профитабилни активности од став 1 на овој член и начинот за проценување на опсегот од став 2 на овој член се наведени во Прилог 3, делови А и Б на овој правилник.

Член 7

Сметководствените податоци кои се обезбедуваат преку мрежата и кои се неопходни за годишно определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на нивното деловно работење се претставени во Единственот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловно работење на земјоделските стопанства.

Формата и содржината на образецот од став 1 на овој член се дадени во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Дефинициите и инструкциите кои се однесуваат на став 1 и 2 на овој член се дадени во Прилог 6 на овој правилник.

Член 8

Со анализата на деловното работење се опфаќаат земјоделските стопанства кои имаат економска големина која е еднаква, или поголема од прагот кој е изразен во евра и кој одговара со еден од најниските лимити на класите на економска големина на земјоделски стопанства од член 5

на овој правилник, утврдени според типологијата на земјоделските стопанства.

За потребите на мрежата за сметководствени податоци, сметководственото стопанство треба да има економска големина која е еднаква, или поголема од 2 000 евра.

Максималниот број на сметководствени стопанства за потребите на мрежата изнесува 1200 земјоделски стопанства.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. Министер,

08.11.2011 година Љупчо Димовски

Скопје

Прилог 1.

Табела А. Класификација на земјоделските стопанства по тип на земјоделско производство

Специјализирани земјоделски стопанства – растително производство

| Основен тип на земјоделско производство | Главен тип на земјоделско производство | Посебен тип на земјоделско производство |
|---|---|---|
| 1. Специјализирано за поледелски култури | 15.Специјализирано за житни култури, маслодајни култури и протеински култури | 151. Специјализирано за житни култури (освен ориз), маслодајни култури и протеински култури<br>152. Специјализирано за ориз<br>153. Житни култури, маслодајни култури, протеински култури и ориз комбинирано |
| | 16.Општо поледелство | 161. Специјализирано за коренести култури<br>162. Житни култури, маслодајни култури, протеински култури и коренести култури, комбинирано<br>163. Специјализирано за зеленчук<br>164. Специјализирано за тутун<br>165. Специјализирано за памук<br>166. Разновидни култури комбинирано |
| 2. Специјализирано за градинарство | 21.Специјализирано за градинарство – под заштитен простор | 211. Специјализирано за зеленчук под заштитен простор<br>212. Специјализирано за цвеќиња и декоративни растенија под заштитен простор<br>213. Специјализирано за комбинирано градинарство под заштитен простор |
| | 22.Специјализирано за градинарство – на отворено | 221. Специјализирано за зеленчук на отворено<br>222. Специјализирано за цвеќиња и декоративни растенија на отворено<br>223. Специјализирано за комбинирано градинарство на отворено |
| | 23. Останато градинарство | 231. Специјализирано за печурки<br>232. Специјализирано за расадници<br>233. Разновидно градинарство |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Специјализирано за повеќегодишни култури | 35.Специјализирано за лозови насади | 351. Специјализирано за квалитетно вино<br>352. Специјализирано за вино освен квалитетно вино<br>353. Специјализирано за трпезно грозје<br>354. Останати лозови насади |
| | 36.Специјализирано за овошје и цитрусно овошје | 361.Специјализирано за овошје (освен за цитрусно овошје, тропско и субтропско овошје и јаткесто овошје )<br>362.Специјализирано за цитрусно овошје<br>363.Специјализирано за јаткесто овошје<br>364.Специјализирано за тропско и субтропско овошје<br>365.Специјализирано за овошје, цитрусно овошје, тропско и субтропско овошје, јаткесто овошје: мешано производство |
| | 37.Специјализирано за маслинки | 370.Специјализирано за маслинки |
| | 38.Разновидни повеќегодишни култури комбинирано | 380. Разновидни повеќегодишни култури комбинирано |

Специјализирани земјоделски стопанства – сточарско производство

| Основен тип на земјоделско производство | Главен тип на земјоделско производство | Посебен тип на земјоделско производство |
|---|---|---|
| 4. Специјализирано за тревопасен добиток | 45.Специјализирано за производство на млеко | 450. Специјализирано за производство на млеко |
| | 46.Специјализирано за говеда - приплод и тов | 460. Специјализирано за говеда –приплод и тов |
| | 47. Говеда-производство на млеко, приплод и тов комбинирано | 470. Говеда– производство на млеко, приплод и тов, комбинирано |
| | 48.Овци, кози и друг тревопасен добиток | 481. Специјализирано за овци<br>482. Говеда и овци комбинирано<br>483. Специјализирано за кози<br>484. Разновиден тревопасен добиток |
| 5. Специјализирано за гранивори | 51.Специјализирано за свињи | 511. Специјализирано за свињи за приплод<br>512. Специјализирано за свињи за тов<br>513. Свињи за приплод и свињи за тов комбинирано |

| | | |
|---|---|---|
| | 52.Специјализирано за живина | 521. Специјализирано за кокошки несилки<br>522. Специјализирано за бројлери<br>523. Кокошки несилки и бројлери комбинирано |
| | 53.Разновидни гранивори – комбинирано | 530. Разновидни гранивори - комбинирано |

Мешовити земјоделски стопанства

| Основен тип на земјоделско производство | Главен тип на земјоделско производство | Посебен тип на земјоделско производство |
|---|---|---|
| 6. Мешовито растително производство | 61.Мешовито растително производство | 611. Градинарство и повеќегодишни култури комбинирано<br>612. Поледелски култури и градинарство комбинирано<br>613. Поледелски култури и лозови насади комбинирано<br>614. Поледелски култури и повеќегодишни култури комбинирано<br>615. Мешовито растително производство, воглавно поледелски култури<br>616. Останато мешовито растително производство |
| 7. Мешовито сточарско производство | 73. Мешовит добиток – воглавно тревопасен добиток | 731. Мешовит добиток, воглавно за производство на млеко<br>732. Мешовит добиток, воглавно тревопасен добиток кој не е за производство на млеко |
| | 74.Мешовит добиток, воглавно гранивори | 741. Мешовит добиток: гранивори и производство на млеко комбинирано<br>742. Мешовит добиток: гранивори и тревопасен добиток кој не е за производство на млеко |
| 8. Мешовито – растително производство и добиток | 83.Поледелски култури – тревопасен добиток комбинирани | 831. Поледелски култури комбинирани со производство на млеко<br>832. Производство на млеко комбинирано со поледелски култури<br>833. Поледелски култури комбинирани со тревопасен добиток кој не е за производство на млеко<br>834. Тревопасен добиток кој не е за производство на млеко комбиниран со поледелски култури |

| | | |
|---|---|---|
| | 84.Разновидно растително производство и добиток - комбинирано | 841. Поледелски култури и гранивори комбинирано<br>842. Повеќегодишни култури и тревопасен добиток, комбинирано<br>843. Пчеларство<br>844. Разновидни мешани растителни култури и добиток |
| 9. Некласифициран и земјоделски стопанства | 90. Некласифицирани земјодлски стопанства | 900.Некласифицирани земјоделски стопанства |

Табела Б. Коресподенција и кодови за прегрупирање

I.: Коресподенција помеѓу насловите за структурните истражувања на земјоделските стопанства и единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства за мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства

| Еквивалентни наслови за примена на Стандард Аутпути | | |
|---|---|---|
| Код кој треба да се користи за насловот | Структурни истражувања на земјоделските стопанства | Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства за мрежата |
| I. Култури | | |
| D01 | Пченица | 120. Пченица и пиреј |
| D03 | Рж | 122. Рж (вклучувајќи ќуспе) |
| D04 | Јачмен | 123. Јачмен |
| D05 | Овес | 124. Овес<br>125. Микс од летни жита |
| D06 | Пченка зрно | 126. Пченка зрно |
| D07 | Ориз | 127. Ориз |
| D08 | Други житни култури | 128. Други житни култури |
| D09 | Протеински култури | 129. Протеински култури |
| D09E | Грашок и грав | 360. Грашок, грав и слатка лупина<br>361. Леќа, слануток и граор<br>362. Други протеински култури |
| D10 | Компир | 130. Компир (вклучувајќи ран компир и семенски компир) |
| D11 | Шеќерна репа | 131. Шеќерна репа (без семе) |

| | | |
|---|---|---|
| D12 | Сточна репа | 144. Сточни репи и растенија од fam.Brassicaceae |
| D23 | Тутун | 134. Тутун |
| D26 | Маслодајна репа | 331. Маслодајна репа |
| D27 | Сончоглед | 332. Сончоглед |
| D28 | Соја | 333. Соја |
| D34 | Ароматични и лековити растенија | 345. Лековити растенија ,зачини, ароматични вклучувајќи чај, кафе и цикорија |
| D35 | Други индустриски култури | 346. Шеќерна трска<br>348. Други индустриски култури |
| D14A | Свеж зеленчук на отворено: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, лубеници, дињи, јагоди и друг зеленчук | 136. Свеж зеленчук, дињи и јагоди кои се одгледуваат на отворено |
| D14B | Свеж зеленчук, градински зеленчук: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, лубеници, дињи, јагоди и друг зеленчук | 137. Свеж зеленчук, дињи, јагоди, градински зеленчук |
| D15 | Свеж зеленчук под заштитен простор: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, лубеници, дињи, јагоди и друг зеленчук | 138. Свеж зеленчук, дињи и јагоди под заштитен простор |
| D16 | Цвеќиња и декоративни растенија,на отворено | 140. Цвеќе и декоративни растенија кои се одгледуваат на отворено (не вклучувајќи расадници) |
| D17 | Цвеќиња и декоративни растенија, под заштитен простор | 141. Цвеќе и декоративни растенија одгледувани под заштитен простор |
| D18 | Растенија собрани зелени | |
| D18A | Површина повремено покриена со трева | 147. Површина повремено покриена со трева |
| D18B | Други растенија собрани зелени | |
| D18B1 | Фуражна пченка | 326. Фуражна пченка |
| D18B2 | Легуминозни растенија (луцерка, детелина, фуражен грашок, граор) | 327. Други силажни житарици |
| D18B3 | Други растенија кои се собираат зелени, а не се спомнати | 328. Други фуражни растенија |

| | | |
|---|---|---|
| D19 | Семе и саден материјал | 142. Семиња од трева<br><br>143. Други семиња |
| D20 | Останати обработливи култури | 148. Други култури на обработливо земјиште кои не се вклучени во насловите 120 до 147<br>149. Земјоделска површина подготвена за садење но е изнајмена на други, вклучувајќи земјиште кое е дадено на вработени кои ќе ги користат плодовите од земјиштето |
| D21 | Угари без субвенции | 315 Угари без субвенции |
| D22 | Угари за кои се добиваат субвенции, без економска употреба | 316. Угари за кои се добиваат субвенции |
| F01 | Ливади и пасишта | 150. Ливади и перманентни пасишта |
| F02 | Пасишта | 151. Груби пасишта |
| F03 | Постојани тревни површини кои не се користат повеќе за производни цели и се квалификувани за плаќање на субвенции | 314. Постојани пасишта кои веќе не се користат за производствени потреби и цели и се прифатливи за плаќање на субвенции |
| G01 | Овошје:јаболка, круши, сливи, вишни, цреши, праски, кајсии и друго овошје | 152. Овошни и ситно зрнести овошја во овоштарници |
| G01D | Овошни видови | |
| G01D1 | Овошје кое се одгледува во температурни климатски зони | 349. Јаболчесто овошје<br>350. Коскесто овошје |
| G01D2 | Овошје во суптропски климатски зони | 353. Тропски и суптропски овошја |
| G01E | Видови на ситно овошје | 352. Ситно зрнесто овошје |
| G01C | Јаткесто овошје | 351. Јаткесто овошје |
| G02 | Цитрусни плантажи | 153. Овоштарници со цитрусни овошја |
| G03 | Плантажи со маслинки | 154. Одгледувачи на маслинки |
| G03A | Нормално производство на трпезни маслинки | 281. Трпезни маслинки |

| | | |
|---|---|---|
| G03B | Нормално производство на маслинки за производство на масло | 282. Маслинки за производство на масло<br>283. Маслиново масло |
| G04 | Лозја | 155. Лозарство |
| G04A. | Лозја под различни сорти на грозје за вино | 286. Лоза за квалитетно вино со PDO<br>292. Лоза за квалитетно вино со PGI<br>289. Квалитетна лоза со PD<br>294. Квалитетно вино со PGI |
| G04B | Лозја под различни сорти на грозје за вино | 293. Грозје за други видови на вина<br>288. Секундарни производи од вино:шира, сок, ракија, оцет и други производи што се произведени на земјоделското стопанство |
| G04C | Трпезно грозје | 285. Трпезно грозје |
| G04D | Суво грозје | 291. Суво грозје |
| G05 | Расадници | 157. Расадници |
| G06 | Други повеќегодишни култури | 158. Други повеќегодишни култури |
| G07 | Повеќегодишни култури под стакленик | 156. Повеќегодишни култури кои се под заштитен простор |
| I02 | Печурки | 139. Печурки |
| | II. Добиток | |
| J01 | Копитари | 22. Копитари (сите возрасти) |
| J02 | Говеда до една година ( машки + женски) | 23. Телиња за тов<br>24. Други говеда под една година |
| J03 | Говеда од 1-2 години | 25. Машки грла говеда, од 1-2 години |
| J04 | Говеда 1-2 години – женки грла за тов, говеда од 1-2 години – женски грла за приплод | 26. Женски грла говеда, од 1-2 години |

| | | |
|---|---|---|
| J05 | Машки (бикови и кастрирани јунци за гоење | 27. Машки грла говеда од 2 години и повеќе |
| J06 | Јуници за приплод | 28. Расплодни јуници<br>29. Јуници за тов |
| J07 | Молзни крави | 30. Млечни крави<br>31. Пресушени млечни крави |
| J08 | Други крави (вклучувајќи систем крава теле) | 32. Други крави |
| J09 | Овци сите возрасти | |
| J09A | Овци за приплод | 40.Овци за приплод |
| J09B | Јагниња и одбиени јагниња | 41. Други овци |
| J10A | Кози за приплод | 38. Кози за приплод |
| J10B | Јариња | 39.Други кози |
| J11 | Прасиња со жива мера под 20 кг. | 43. Прасиња |
| J12 | Назимки,<br>Назимки со прасиња,<br>Маторици | 44. Маторици за приплод |
| J13. | Свињи од 21-50 кг<br>Свињи од 51-80 кг<br>Свињи од 81-110 кг<br>Свињи над 110 кг | 45. Свињи за тов<br>46. Други свињи |
| J14 | Бројлери | 47. Бројлери |
| J15 | Несилки | 48. Несилки |
| J16 | Друга живина<br>Мисирки<br>Гуски | 49. Друга живина |
| J17 | Зајаци вкупно | 34.Зајаци, женски за приплод |
| J18 | Пчели | 33. Пчели |

II.: Кодови за прегрупирање на неколку видови на производство кои се вклучени во структурните истражувања на земјоделските стопанства

P45. Говеда за производство на млеко =J02 (говеда до една година машки+женски) + J04 (говеда, 1-2 години- женски грла за тов, говеда од1-2 години - женски грла за приплод) + J06 (јуници за приплод) +J07 (молзни крави).

P46. *Говеда* = P45 (говеда за производство на млеко) + J03 (говеда од 1-2 години) + J05 (машки –бикови и кастрирани јунци за гоење) + J08 (други крави - вклучувајќи систем крава теле).

ТД *Тревопасен добиток* = J01 (копитари) + P46 (говеда) + J09A (овци, женски за приплод) + J09B (јагнињa и одбиени јагниња) +J10A (кози за приплод) +J10B (јарињa).

Ако ТД=0 ДХПР1 Добиточна храна за продажба = D12 (добиточна репа) + D18 (растенија собрани зелени) +F01 ( ливади и пасишта) + F02 (пасишта).

ДХПР4 добиточна храна за тревопасен добиток = 0

P17 Корени = D10 (компир) + D11 (шеќерна репа) + D12 (добиточна репа).

ако ТД>0 ДХПР1 *добиточна храна за продажба* = 0

ДХПР4 добиточна храна за тревопасен добиток = D12 (добиточна репа) D18 (растенија собрани зелени) + F01 (ливади и пасишта )+ F02 (пасишта).

P17 Корени = D10 (компир) + D11 (шеќерна репа).

P151. Жито без ориз = D01 (пченица) + D03 (рж) + D04 (јачмен) +D05 (овес) + D06 (пченка зрно) +D08 (други житни култури).

P15. Жито = P151 (жито без ориз) + D07 (ориз).

P16. Маслодајни култури = D26 (маслодајна репа) + D27 (сончоглед) + D28 (соја) + D29 (лен, масло од лен) + D30 (други маслодајни култури).

P51. Прасиња = J11 (прасиња со тежина под 20 кг.) + J12 (назимки, маторици) + J13 (свињи од 21-50 кг, свињи од 51-80 кг, свињи од 81-110 кг, свињи над 110 кг.)

P52. Живина = J14 (бројлери) + J15 (несилки) + J16 (друга живина).

P1. Општи посеви = P15 (жито) + D09 ( протеински култури) + D10 (компир) + D11

(шеќерна репа).

D23. (тутун) + D24 (хмељ) + D25 (памук) + P16 (маслодајни култури) + D31 (лен) + D32 (коноп)+ D33 (други влакнести култури) + D34 (ароматични и лековити растенија) + D35 (други индустриски култури – репрезентативни афион) + D14A (свеж зеленчук, на отворено: индустриски пипер, лубеница, кромид, јагоди, лук и зелка) + D 1 9 (семе и саден материјал) + D20 (други култури на обработливо земјиште) + D21 (угари и друга непосадена обработлива земјоделска површина ) + ДХПР1 (добиточна храна за продажба).

P2. Градинарски култури = D14B (свеж зеленчук, градински зеленчук: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, дињи, јагоди и друг зеленчук) + D15 (свеж зеленчук под заштитен простор: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, дињи, јагоди и друг зеленчук) + D 1 6 (цвеќиња и декоративни растенија на отворено) + D17 (цвеќиња и декоративни растенија — под заштитен простор) + I02 (печурки) + G05 (расадници).

P3. Повеќегодишни култури = G01 (овошје: јаболка, круши, сливи, вишни, цреши праски, кајсии и друго овошје ) + G02 (цитрусни плантажи) + G03 (плантажи со маслинки) + G04 (лозја) +G06 (други повеќегодишни култури) + G07 (повеќегодишни култури под заштитен простор).

P4. Тревопасен добиток и добиточна храна = ТД (тревопасен добиток) + ДХПР4 (добиточна храна за тревопасен добиток ) и

P5. *Гранивори* = P51 (прасиња) + P52 (живина) + J17 (зајаци, вкупно).

В. Дефиниција за типот на земјоделското производство

Типовите на земјоделско производство се дефинираат преку две карактеристики:

(а) Природа на дадениот вид на производство

Даден вид на производство се однесува на листа на видови на производство кои се опфатени со структурните истражувања на земјоделските стопанства: на нив се укажува преку користење на кодовите кои се презентирани во табелата Б.I (Коресподенција и кодови за регрупирање) од Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник, или пак со кодовите за прегрупирање на неколку видови на производство, како што е наведено во делот Б.II од Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник.

(б) Прагот кој ги одредува лимитите на класата

Доколку не е поинаку нагласено, овие прагови се изразени како делови од вкупниот Стандард Аутпут на земјоделското стопанство.

Специјализирани земјоделски стопанства – растително производство

| Тип на земјоделско производство | | | | | | Дефиниција | Код на типот на земјоделското производство и прагови (се однесува на дел Б од овој Прилог) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен | | Главен | | Посебен | | | |
| Код | | Код | | Код | | | |
| 1 | Специјализирано за поледелски култури | | | | | Растително производство, односно, житни култури, суви мешункасти и протеински култури за производство на зрнеста храна, маслодајни култури, компир, шеќерна репа, индустриски растенија, свеж зеленчук, дињи, јагоди на отворено, обработливо земјиште за производство на семе и саден материјал, останато обработливо земјиште, угари, и добиточна храна за продажба > 2/3 | P1 > 2/3 |
| | | 15 | Специјализирано за житни култури, маслодајни култури и протеински култури | | | Житни култури, маслодајни култури, суви мешункасти и протеински култури > 2/3 | P15 + P16 + D09 > 2/3 |
| | | | | 151 | Специјализирано за житни култури (освен ориз), маслодајни култури и протеински култури | Житни култури без ориз, маслодајни култури, суви мешункасти и протеински култури > 2/3 | P151 + P16 + D09 > 2/3 |
| | | | | 152 | Специјализирано за ориз | Ориз> 2/3 | D07 > 2/3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 153 | Житни култури, маслодајни култури, протеински култури и ориз комбинирано | Земјоделски стопанства во класа 15, без оние класа 151 и 152 | |
| | | 16 | Општо поледелство | | | Општо поледелство > 2/3; Житни култури, маслодајни култури, суви мешункасти и протеински култури ≤ 2/3 | P15 + P16 +D09 ≤ 2/3 |
| | | | | 161 | Специјализирано за коренести култури | Компир, шеќерна репа, добиточна храна и производи од fam.Brassicaceae > 2/3 | P17 > 2/3 |
| | | | | 162 | Житни култури,маслодајни култури протеински култури и коренести култури, комбинирано | Житни култури, маслодајни култури, суви мешункасти и протеински култури > 1/3;корени > 1/3 | P15 + P16 + D09 > 1/3; P17 > 1/3 |
| | | | | 163 | Специјализирано за зеленчук | Свеж зеленчук, дињи и јагоди на отворено > 2/3 | D14A > 2/3 |
| | | | | 164 | Специјализирано за тутун | Тутун > 2/3 | D23 > 2/3 |
| | | | | 165 | Специјализирано за памук | Памук > 2/3 | D25 > 2/3 |
| | | | | 166 | Разновидни култури комбинирано | Земјоделски стопанства во класа 16, без 161, 162, 163, 164 и 165 | |
| 2 | Специјализирано за градинарство | | | | | Свеж зеленчук дињи и јагоди – произведени во градини за продажба и под заштитен простор, цвеќе и декоративни растенија – на отворен простор и под заштитен простор, печурки и расадници > 2/3 | P2> 2/3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | 21 | Специјализирано за градинарство– под заштитен простор | | | Свеж зеленчук дињи и јагоди — под заштитен простор, цвеќе и декоративни растенија под заштитен простор > 2/3 | D14B + D17 > 2/3 |
| | | | | 211 | Специјализирано за зеленчук под заштитен простор | Свеж зеленчук дињи и јагоди — под заштитен простор > 2/3 | D15 > 2/3 |
| | | | | 212 | Специјализирано за цвеќиња и декоративни растенија под заштитен простор | Цвеќе и декоративни растенија под заштитен простор > 2/3 | D17 > 2/3 |
| | | | | 213 | Специјализирано за комбинирано градинарство под заштитен простор | Земјоделски стопанства во класа 21, без оние од класа 211 и 212 | |
| | | 22 | Специјализирано за градинарство – на отворено | | | Свеж зеленчук дињи и јагоди – произведени во градини за продажба на отворено, цвеќе и декоративни растенија – на отворен простор > 2/3 | D14B+D16 >2/3 |
| | | | | 221 | Специјализирано за зеленчук на отворено | Свеж зеленчук дињи и јагоди – произведени во градини на отворено > 2/3 | D14B > 2/3 |
| | | | | 222 | Специјализирано за цвеќиња и декоративни растенија на отворено | Цвеќе и декоративни растенија – на отворен простор > 2/3 | D16 > 2/3 |
| | | | | 223 | Специјализирано за комбинирано градинарство на | Земјоделски стопанства во класа 22, без оние од класа 221 и 222 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | отворено | | |
| | | 23 | Останато градинарство | | | Градинарско земјоделско стопанство со градинарство под заштитен простор ≤ 2/3 и градинарство на отворен простор ≤ 2/3 | D15 + D17 ≤ 2/3<br>D14B + D16 ≤ 2/3; |
| | | | | 231 | Специјализирано за печурки | Печурки > 2/3 | I02 > 2/3 |
| | | | | 232 | Специјализирано за расадници | Расадници > 2/3 | G05 > 2/3 |
| | | | | 233 | Разновидно градинарство | Земјоделски стопанства во класа 23, без оние од класа 231 и 232 | |
| 3 | Специјализирано за повеќегодишни култури | | | | | Насади со овошје, ситно зрнесто овошје, цитрусно овошје, маслинки, лозја, останати повеќегодишни култури и повеќегодишни култури под заштитен простор > 2/3 | P3 > 2/3 |
| | | 35 | Специјализирано за лозови насади | | | Лозја > 2/3 | G04 > 2/3 |
| | | | | 351 | Специјализирано за квалитетно вино | Лозја од кои се произведува квалитетно вино > 2/3 | G04A > 2/3 |
| | | | | 352 | Специјализирано за вино освен квалитетно вино | Лозја од кои се произведуваат останати вина > 2/3 | G04B > 2/3 |
| | | | | 353 | Специјализирано за трпезно грозје | Лозја од кои се произведува трпезно грозје > 2/3 | G04C > 2/3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 354 | Останати лозови насади | Земјоделски стопанства во класа 35, без оние од класа 351, 352, и 353 | |
| | | 36 | Специјализирано за овошје и цитрусно овошје | | | Специјализирано за овошје и цитрусно овошје | G01 + G02 > 2/3 |
| | | | | 361 | Специјализирано за овошје (освен за цитрусно овошје, тропско и субтропско овошје и јаткесто овошје | Овошје, ситно зрнесто овошје и цитрусно овошје > 2/3 | G01D1+ G01D2 > 2/3 |
| | | | | 362 | Специјализирано за цитрусно овошје | Цитрусно овошје > 2/3 | G02 > 2/3 |
| | | | | 363 | Специјализирано за јаткесто овошје | Јаткесто овошје > 2/3 | G01C > 2/3 |
| | | | | 364 | Специјализирано за тропско и субтропско овошје | Овошје од субтропската климатска зона > 2/3 | G01D2 > 2/3 |
| | | | | 365 | Специјализирано за овошје, цитрусно овошје, тропско и субтропско овошје, јаткесто овошје: мешано производство | Земјоделски стопанства во класата 36, освен оние од класите 361, 362, 363 и 364 | |
| | | 37 | Специјализирано за маслинки | 370 | Специјализирано за маслинки | Маслинки > 2/3 | G03 > 2/3 |
| | | 38 | Разновидни повеќегодишни култури комбинирано | 380 | Разновидни повеќегодишни култури комбинирано | Земјоделски стопанства во класата 3, освен она од класата 35, 36 и 37 | |
| 4 | Специјализирано за тревопасен | | | | | Добиточна храна за тревопасен добиток, (добиточни репи и растенија | P4 > 2/3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | добиток | | | | | од fam.Brassicaceae растенија кои се берат зелени, пасишта, ливади, груби пасишта) и тревопасен добиток (пр. копитари, сите видови на говеда, овци и кози) > 2/3 | |
| | | 45 | Специјализирано за производство на млеко | 450 | Специјализирано за производство на млеко | Молзни крави, > 3/4 од вкупниот тревопасен добиток, тревопасен добиток > 1/10 од тревопасниот добитокот и добиточна храна | J07 > 3/4 ТД; ТД > 1/10 P4 |
| | | 46 | Специјализирано за говеда - приплод и тов | 460 | Специјализирано за говеда - приплод и тов | Вкупно говеда (говеда под една година, говеда постари од година но помлади од две години и повеќе (машки, јуници, молзни крави и останати крави) > 2/3 од тревопасниот добитокот, молзните крави ≤ 1/10 од тревопасниот добитокот, тревопасен добиток > 1/10 тревопасен добиток и добиточна храна | P46 > 2/3 ТД; J07 ≤ 1/10 ТД; ТД > 1/10 P4 |
| | | 47 | Говеда-производство на млеко, приплод и тов комбинирано | 470 | Говеда-производство на млеко, приплод и тов комбинирано | Вкупно говеда > 2/3 од тревопасниот добитокот, молзните крави > 1/10 од тревопасниот добитокот, тревопасен добиток > 1/10 од тревопасен добиток и добиточна храна без земјоделските стопанства од класа 45 | P46 > 2/3 ТД;J07 > 1/10 ТД; ТД > 1/10 P4; без 45 |
| | | 48 | Овци, кози и друг тревопасен добиток | | | Земјоделски стопанства од класа 4, без тие од класите 45, 46 и 47 добиток | |
| | | | | 481 | Специјализирано за овци | Овци > 2/3 од тревопасниот добитокот, тревопасниот добитокот > 1/10 од тревопасниот добиток и добиточната храна | J09 > 2/3 ТД; ТД > 1/10 P4 |
| | | | | 482 | Говеда и овци | Вкупно говеда > 1/3 од тревопасниот добиток, овци > 1/3 од тревопасниот | P46 > 1/3 ТД; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | комбинирано | добиток, тревопасниот добиток > 1/10 од тревопасниот добиток и добиточна храна | J09> 1/3 ТД; ТД > 1/10 P4 |
| | | | | 483 | Специјализирано за кози | Кози > 2/3 од тревопасниот добиток, тревопасниот добиток > 1/10 од тревопасниот добиток и добиточна храна | J10 > 2/3 ТД; ТД > 1/10 P4 |
| | | | | 484 | Разновиден тревопасен добиток | Земјоделски стопанства во класа 48, без оние од 481, 482 и 483 | |
| 5 | Специјализирано за гранивори | | | | | Гранивори (односно прасиња, маторици за приплод, останати свињи), живина (бројлери, несилки, останата живина) и зајаци, зајаци за приплод > 2/3 | P5 > 2/3 |
| | | 51 | Специјализирано за свињи | | | Свињи > 2/3 | P51 > 2/3 |
| | | | | 511 | Специјализирано за свињи за приплод | Маторици за приплод> 2/3 | J12 > 2/3 |
| | | | | 512 | Специјализирано за свињи за тов | Прасиња и други свињи > 2/3 | J11 + J13 > 2/3 |
| | | | | 513 | Специјализирано за приплод и свињи за тов комбинирано | Земјоделски стопанства во класа 51, без оние во класа 511 и 512 | |
| | | 52 | Специјализирано за живина | | | Живина > 2/3 | P52 > 2/3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 521 | Специјализирано за кокошки несилки | Несилки > 2/3 | J15 > 2/3 |
| | | | | 522 | Специјализирано за бројлери | Бројлери и останата живина > 2/3 | J14 + J16 > 2/3 |
| | | | | 523 | Кокошки несилки и бројлери комбинирано | Земјоделски стопанства од класа 52, без оние од класа 521 и 522 | |
| | | 53 | Разновидни гранивори – комбинирано | 530 | Разновидни гранивори – комбинирано | Земјоделски стопанства од класа 5, без оние од класа 51 и 52 | |
| 6 | Мешовито растително производство | 61 | Мешовито растително производство | | | Општо поледелство и градинарство и повеќегодишни култури > 2/3 освен (општо поледелство ≤ 2/3 и градинарство ≤ 2/3 и повеќегодишни култури ≤ 2/3) | |
| | | | | 611 | Градинарство и повеќегодишни култури комбинирано | Градинарство > 1/3; повеќегодишни култури > 1/3 | P2 > 1/3; P3 > 1/3 |
| | | | | 612 | Поледелски култури и градинарство комбинирано | Општо поледелство > 1/3 градинарство > 1/3 | P1 > 1/3; P2 > 1/3 |
| | | | | 613 | Поледелски култури и лозови насади комбинирано | Општо поледелство > 1/3 лозарство > 1/3 | P1 > 1/3; G04 > 1/3 |
| | | | | 614 | Поледелски култури и повеќегодишни култури комбинирано | Општо поледелство > 1/3; повеќегодишни култури > 1/3; лозарство ≤ 1/3 | P1 > 1/3; P3 > 1/3; G04 ≤ 1/3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | 615 | Мешовито, растително производство, воглавно поледелски култури | Општо поледелство > 1/3; без друга активност> 1/3 | P1 > 1/3; P2 ≤ 1/3; P3 ≤ 1/3; |
| | | | | 616 | Останато мешовито растително производство | Земјоделски стопанства од класа 61, без оние од класа 611, 612, 613, 614 и 615 | |
| 7 | Мешовито сточарско производство | | | | | **Тревопасен добиток,** добиточна храна и гранивори > 2/3; **Тревопасен добиток** и добиточна храна ≤ 2/3; гранивори ≤ 2/3 | P4 + P5 > 2/3; P4 ≤ 2/3; P5 ≤ 2/3 |
| | | 73 | Мешовит добиток – воглавно тревопасен добиток | | | **Тревопасен добиток и** добиточна храна > гранивори | P4 > P5 |
| | | | | 731 | **Мешовит добиток, воглавно за производство на млеко** | Говеда, производство на млеко > 1/3 од **тревопасен** добиток; молзни крави > 1/2 молзни крави | P45 > 1/3 ТД; J07 > 1/2 P45; |
| | | | | 732 | Мешовит добиток, воглавно, тревопасен добиток кој не е за производство на млеко | Земјоделски стопанства во класа 73, без оние од класа 731 | |
| | | 74 | Мешовит добиток, воглавно гранивори | | | **Тревопасен добиток и** добиточна храна ≤ Гранивори | P4 ≤ P5 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 741 | Мешовит добиток: гранивори и производство на млеко комбинирано | Говеда, производство на млеко > 1/3 од тревопасен добиток; гранивори> 1/3, молзни крави > 1/2 од говедата,производство на млеко | P45 > 1/3 ТД; P5 > 1/3 J07 > 1/2 P45 |
| | | | | 742 | Мешовит добиток: гранивори и тревопасен добиток кој не е за производство на млеко | Земјоделски стопанства од класа 74, без оние од класа 741 | |
| 8 | Мешовито – растително производство и добиток | | | | | Земјоделски стопанства без оние од класата 1 до 7 и од класа 9 | |
| | | 83 | Поледелски култури – тревопасен добиток, комбинирано | | | Општо поледелство > 1/3; тревопасен добиток и добиточна храна > 1/3 | P1 > 1/3; P4 > 1/3 |
| | | | | 831 | Поледелски култури комбинирани со производство на млеко | Говеда, производство на млеко > 1/3 од тревопасен добиток; молзни крави > ½ од говеда, производство на млеко; молзни крави < општо поледелство | P45 > 1/3 ТД; J07 > 1/2 P45; P45 < P1 |
| | | | | 832 | Производство на млеко комбинирано со поледелски култури | Говеда, производство на млеко > 1/3 тревопасен добиток; молзни крави > 1/2 од говеда, производство на млеко; говеда, производство на млеко ≥ Општо поледелство | P45 > 1/3 ТД; J07 > 1/2 P45; P45 ≥ P1 |
| | | | | 833 | Поледелски култури комбинирани со тревопасен добиток кој не е за производство на млеко | Општо поледелство > тревопасен добиток добиточна храна, со исклучок на земјоделски стопанства од класа 831 | P1 > P4; без 831 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 834 | Тревопасен добиток кој не е за производство на млеко, комбиниран со поледелски култури | Земјоделски стопанства во класа 83, без оние од класа 831, 832 и 833 | |
| | | 84 | Разновидно растително производство и добиток - комбинирано | | | Земјоделски стопанства во класа 8, со исклучок на оние во класа 83 | |
| | | | | 841 | Поледелски култури и гранивори комбинирано | Општо поледелство > 1/3; гранивори> 1/3 | P1 > 1/3; P5 > 1/3 |
| | | | | 842 | Повеќегодишни култури и тревопасен добиток, комбинирано | Повеќегодишни култури > 1/3; тревопасен добиток и добиточна храна > 1/3 | P3 > 1/3; P4 > 1/3 |
| | | | | 843 | Пчеларство | Пчели > 2/3 | 3.07>2/3 |
| | | | | 844 | Разновидни мешовити растителни култури и добиток | Земјоделски стопанства од класа 84, со исклучок на оние од класа 841, 842 и 843 | |

Прилог 2

## Економска големина на земјоделско стопанство

А. Економска големина на земјоделско стопанство

Економската големина на земјоделско стопанството се мери како вкупен Стандард Аутпут од земјоделското стопанство во евра.

Б. Класа на економска големина на земјоделското стопанство

Земјоделските стопанствата се класифицирани според класа на големина, а лимитите се наведени подолу.

| Класи | Лимити во Евра |
|---|---|
| I | Помалку од 2 000 евра |
| II | од 2 000 до помалку од 4 000 евра |
| III | од 4 000 до помалку од8 000 евра |
| IV | од 8 000 до помалку од15 000 евра |
| V | од 15 000 до помалку од25 000 евра |
| VI | од 25 000 до помалку од50 000 евра |
| VII | од 50 000 до помалку од100 000 евра |
| VIII | од 100 000 до помалку од250 000 евра |
| IX | од 250 000 до помалку од500 000 евра |
| X | од 500 000 до помалку од750 000 евра |
| XI | од 750 000 до помалку од1 000 000 евра |
| XII | од 1 000 000 до помалку од1 500 000 евра |
| XIII | од 1 500 000 до помалку од3 000 000 евра |
| XIV | Еднакво или поголемо од 3 000 000 евра |

Правилата кои се поставени за примена во полето на истражување за мрежата на прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства и структурните истражувања на земјоделски стопанства може да овозможат класите на големина  II и III или III, IV и V, или од III до V, VI и VII, VIII и IX, X и XI, од XII до XIV или од X до XIV да се групираат заедно.

Прилог 3

## Останати профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство

### А. Дефиниција на останати профитабилни активности (ОПА) кои се директно поврзани со земјоделското стопанство

Профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство, а се поинакви од земјоделските активности на стопанството, се сите активности кои не спаѓаат во земјоделска работа а се директно поврзани со земјоделското стопанство и имаат економско влијание врз стопанството. Тоа се активности каде што се користат или ресурсите на стопанството (земјиште, објекти, машини, земјоделски производи, итн.), или пак производите на земјоделското стопанство.

### Б. Оценка на важноста на ОПА директно поврзани со земјоделското стопанство

Уделот на ОПА кои директно се поврзани со земјоделското стопанство во финалниот аутпут на стопанството се проценува како удел од ОПА кои директно се поврзани со обртот на стопанството во вкупниот обрт на земјоделското стопанство (вклучувајќи ги и директните плаќања).

### В. Класи кои ја рефлектираат важноста на ОПА кои директно се поврзани со земјоделското стопанство

Земјоделските стопанствата се класифицирани по класи кои ја рефлектираат важноста на ОПА кои директно се поврзани со земјоделското стопанство во финалниот аутпут, чии што лимити се наведени подолу.

| Класи | Лимити во процент |
|---|---|
| I | Од 0 % до 10 % |
| II | Од повеќе од 10 % до 50 % |
| III | Од повеќе од 50 % до помалку од 100 % |

Прилог 4

## Стандард Аутпут (СА)

1. Дефиниција и принципи за пресметување на СА

а. Аутпут на даден вид на земјоделско производство значи монетарна вредност на бруто земјоделското производство по цена на производството продадено од земјоделското стопанство.

Стандард Аутпут (СА) значи вредноста на аутпутот која кореспондира со просечната ситуација во даден регион за секој вид на земјоделско производство.

б. Аутпут е збир на вредностите од главните производи и секундарните производи. Вредностите се пресметуваат со множење на единица производство по цената на единица производ продадено од земјоделското стопанство. ДДВ, даноците на производите и директните плаќања не се вклучени во аутпутот.

в. Производствен период

СА кореспондираат со производствен период од 12 месеци (календарска година или земјоделска производствена година).

За растително или сточарско производство за кое периодот на производство е помал или поголем од 12 месеци, се пресметува СА кој кореспондира со растот на производството во 12 месеци

г. Основни податоци и референтен период

д. СА-те се определуваат со користење на фактори кои се споменати во точка (б). За таа цел, се собираат основни податоци за референтен период кој опфаќа 5 последователни календарски години, или земјоделски производни години. На пример, СА-те кои се однесуваат на референтниот период ‘2007’ ги опфаќа календарските години 2005, 2006, 2007, 2008 и 2009 или земјоделските производствени години 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09 и 2009/10.

ѓ. Единици

1. Физички единици

а) СА –те за растителното производство се определуваат врз база на површината изразена во хектари.

За печурки, СА се определува врз база на бруто аутпутот за сите годишни последователни берби и се изразува на 100 m2 од површина под печурки. За нивна употреба во контекст на мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, СА -те добиени на овој начин, се делат со бројот на годишни последователни берби.

б) СА –те кои се однесуваат на сточарското производство се определуваат по глава, освен за живината, за која СА –те се определуваат за 100 глави, а за пчелите се определуваат по кошница.

2. Монетарни единици и заокружување

г. Основните податоци за определување на СА и пресметаните СА се пресметани во евра изразени во денарска противвредност. СА може да се заокружи до најблиските EUR 5 во денарска противвредност онаму каде што е потребно.

2. Преглед на СА

а) По вид на производство за растенија и животни

СА се определуваат за сите видови на земјоделско производство кои кореспондираат со насловите од истражувањето на структура на земјоделските стопанства.

б) Географски преглед

- СА се определуваат најмалку врз база на географски единици кои се компатибилни со оние кои се користат за истражување на структурата на земјоделските стопанства и за мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства. Овие географски единици се засноваат на НТЕС. Според НТЕС во Република Македонија, целата територија на Република Македонија е една единица (НТЕС ниво 1 и НТЕС ниво 2).

- Не се определуваат СА за видови на производство кои не се застапени во наведениот географски регион.

3. Прибирање на податоци за определување на СА

а) основните податоци за определување на СА се обновуваат најмалку секогаш кога се спроведува структурни истражувања на земјоделските стопанства, во форма на попис.

б) помеѓу две истражувања на структурата на земјоделските стопанства кои се спроведуваат во форма на попис, СА се ажурираат секогаш кога се спроведува истражување на структурата на земјоделските стопанства. Следново ажурирање се ефектуира или преку:

- обновување на основните податоци на начин сличен на оној кој е наведен под точка (а),

- употреба на метод за пресметување преку кој СА може да се ажурира.

4.Третирање на посебни случаи

Следните специјални правила се наведени за пресметување на СА за одредени видови на производство:

а) Угар без субвенции

СА кој се однесува на угар без субвенции се зема во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство, само тогаш кога постојат други позитивни СА -ти за тоа земјоделско стопанство.

б) Угар кој е предмет на субвенции, без економска корист и пасишта кои не се користат повеќе за производни цели, и се соодветни за плаќање на субвенции.

Бидејќи производството на земјиште кое е предмет на субвенции без економска корист е лимитирана на директни плаќања, СА -те се еднакви на нула.

в) Куќни градини

Бидејќи производството на куќните градини нормално е наменето за сопствено консумирање, а не за продажба, СА –те се еднакви на нула

г) Добиток

За добитокот, видовите на производство се поделени според категорија на возраст. Аутпутот кореспондира со вредноста на растот на животното за времето поминато во категоријата односно разликата помеѓу вредноста кога животното ја напушта категоријата и вредноста кога тоа влегува во категоријата.

д) Говеда под една година, машки и женски

СА -те кој се однесуваат на говеда под една година се земаат во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство само тогаш кога има повеќе говеда под една

година, отколку крави во стопанство. Само СА -ти кои се однесуваат на вишокот на бројот на говеда под една година се земаат во предвид.

ѓ) Останати овци и кози

СА -ти кои се однесуваат на останати овци се земаат во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство само тогаш кога нема расплодни женски овци во стопанството.

СА -те кои се однесуваат на останати кози се земаат во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство само тогаш кога нема расплодни женски кози во стопанството.

е) Прасиња

СА -те кои се однесуваат на прасиња се земаат во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство само тогаш кога нема расплодни маторици во стопанството.

ж) Добиточна храна

Доколку нема тревопасен добиток (копитари, говеда, овци или кози) на земјоделското стопанство, кабастата храна (пр. корени, растенија кои се собираат зелени, пасишта и ливади) се смета за наменета за продажба и е дел од општиот растителен аутпут.

Доколку има тревопасен добиток на земјоделското стопанство, кабастата храна се смета за храна на тревопасниот добиток и е дел од аутпутот за тревопасен добиток и аутпутот за кабаста храна.

Прилог 5

## Содржина на единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства

За секој наслов и колона во табелите на овој прилог, потребно е да се посочат дефинициите и упатствата утврдени во прилог 6 кој е составен дел на овој Правилник. Броевите во колоните претставуваат сериски броеви на податоците за земјоделското стопанство. Недоделените броеви се достапни за подоцнежна употреба и се обележуваат со нула.

### А. Општи информации за земјоделското стопанство

| Број на наслов и опис | Сериски број |
|---|---|
| 1.Број на земјоделско стопанство | |
| - Регион | 1 |
| - Општина | 2 |
| - Сериски број на земјоделско стопанство | 3 |
| “Неупотребени” | 4-5 |
| 2. Податоци за компјутерските записи | |
| “Неупотребени” | 6 |
| “Неупотребени” | 7-16 |
| - Број на работна единица (сметководствена канцеларија) | 17 |
| 3. Организациона форма на земјоделското стопанство | 18 |
| “Неупотребени” | 19 |
| 4.“Неупотребени” | 20 |
| “Неупотребени” | 21 |
| “Неупотребени” | 22 |
| “Неупотребени” | 23-30 |
| 5. Локација на земјоделското стопанство | 31 |
| 6. Категорија на земјоделското стопанство | |
| - органско производство | 32 |
| - тип на земјоделско производство во моментот на селекција | 33 |
| - тип на земјоделско производство врз база на сметководствени податоци | 34 |
| - класа на економска големина во моментот на селекција | 35 |
| - класа на економска големина врз база на сметководствени податоци | 36 |
| 7. Датуми на затворање на сметките | |
| - датум на затварање на сметките | 37 |
| “Неупотребени” | 38 |
| 8. Области со ограничени услови за земјоделско производство | 39 |
| 9. Други податоци за земјоделското стопанство | |
| - земјоделска површина која се наводнува | 40 |
| - надморска висина | 41 |
| - денови на испаша во планини или други пасишта кои не се вклучени во КЗЗ | 42 |
| - вкупна површина под заштитен простор, | 43 |
| - други профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство | 44 |
| “Неупотребени” | 45 |
| “Неупотребени” | 46-47 |

### Б. Тип на посед на земјоделско земјиште

| Број на наслов и опис | Сериски број |
|---|---|
| 10. Користено земјоделско земјиште кое го поседува сопственикот | 48 |
| 11. Користено земјоделско земјиште под наем | 49 |
| 12. Користено земјоделско земјиште со удел | 50 |

## В. Работна сила

| Број на наслов и опис | Код | Година на раѓање | Број на годишни работни единици | Годишно работно време (часови) |
|---|---|---|---|---|
| | (1) | (2) | (3) | (4) |
| А. Постојана неплатена работна сила | | | | |
| 13. Сопственик/менаџер (код 1) | 51 | 52 | 53 | 54 |
| | 55 | 56 | 57 | 58 |
| 14. Сопственик/не е менаџер (код 2) | 59 | 60 | 61 | 62 |
| | 63 | 64 | 65 | 66 |
| 15. Менаџер/не е сопственик (код 3) | 67 | 68 | 69 | 70 |
| | Број на лица | | | |
| 16. Сопруг/а на сопственикот | 71 | - | 72 | 73 |
| 17. Останати | 74 | - | 75 | 76 |
| Б.18. Повремена неплатена работна сила | - | - | - | 77 |
| В. Постојана платена работна сила | | | | |
| 19. Менаџер | - | 78 | 79 | 80 |
| 20. Останати | - | - | 81 | 82 |
| Г.21. Повремена платена работна сила | - | - | - | 83 |

## Г. Број и вредност на добитокот

| Број на наслов и опис | Вредност на почетокот | | Вредност на крајот | | Просечен број |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Вредност | Број | Вредност | |
| | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) |
| 22. Коњи | 86 | 87 | 88 | 89 | 90 |
| 23. Телиња за тов | 91 | 92 | 93 | 94 | 95 |
| 24. Останати говеда до една година | 96 | 97 | 98 | 99 | 100 |
| 25. Машки говеда од една до две години | 101 | 102 | 103 | 104 | 105 |
| 26. Женски говеда од една до две години | 106 | 107 | 108 | 109 | 110 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27. Машки говеда од две и повеќе години | 111 | 112 | 113 | 114 | 115 |
| 28. Јуници за приплод | 116 | 117 | 118 | 119 | 120 |
| 29. Јуници за тов | 121 | 122 | 123 | 124 | 125 |
| 30. Млечни крави | 126 | 127 | 128 | 129 | 130 |
| 31. Млечни крави за колење | 131 | 132 | 133 | 134 | 135 |
| 32. Останати крави | 136 | 137 | 138 | 139 | 140 |
| 33. Пчелни семејства | 141 | 142 | 143 | 144 | 145 |
| 34. Зајаци за приплод | 146 | 147 | 148 | 149 | 150 |
| 35. 'Неупотребено' | 151 | 152 | 153 | 154 | 155 |
| 36. 'Неупотребено' | 156 | 157 | 158 | 159 | 160 |
| 37. 'Неупотребено' | 161 | 162 | 163 | 164 | 165 |
| 38. Кози за приплод | 166 | 167 | 168 | 169 | 170 |
| 39. Останати кози | 171 | 172 | 173 | 174 | 175 |
| 40. Овци за приплод | 176 | 177 | 178 | 179 | 180 |
| 41. Останати овци | 181 | 182 | 183 | 184 | 185 |
| 42. 'Неупотребено' | 186 | 187 | 188 | 189 | 190 |
| 43. Прасиња | 191 | 192 | 193 | 194 | 195 |
| 44. Свињи за приплод | 196 | 197 | 198 | 199 | 200 |
| 45. Свињи за тов | 201 | 202 | 203 | 204 | 205 |
| 46. Останати свињи | 206 | 207 | 208 | 209 | 210 |
| 47. Бројлери | 211 | 212 | 213 | 214 | 215 |
| 48. Кокошки несилки | 216 | 217 | 218 | 219 | 220 |
| 49. Останата живина | 221 | 222 | 223 | 224 | 225 |
| 50. Останати животни | - | 227 | - | 229 | - |

## Д. Набавка и продажба на добиток

| Број на наслов и опис | Набавка на добиток | Продажба на добиток | Консумирање на земјоделското стопанство и приходи во натура |
|---|---|---|---|
| | (1) | (2) | (3) |
| 51. Коњи | 231 | 232 | 233 |
| 52. Говеда | 234 | 235 | 236 |
| 53. Неупотребено' | 237 | 238 | 239 |
| 54. Овци | 240 | 241 | 242 |
| 55. Кози | 243 | 244 | 245 |
| 56. Свињи | 246 | 247 | 248 |
| 57. Живина | 249 | 250 | 251 |
| 58. Останати животни | 252 | 253 | 254 |

## Ѓ. Трошоци

| Број на наслов и опис | Сериски број |
|---|---|
| Трошоци за работна сила и машински трошоци | |
| 59. Плати и социјално осигурување | 259 |
| 60. Работа под договор и изнајмување на машини | 260 |
| 61. Одржување на машини и опрема | 261 |
| 62. Моторни горива и масла | 262 |
| 63. Трошоци за автомобил | 263 |

| | |
|---|---|
| Специфични трошоци за сточарство | |
| *Набавена храна:* | |
| 64. Концентрат за тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози) | 264 |
| 65. Кабаста храна за тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози) | 265 |
| 66. Храна за свињи | 266 |
| 67. Храна за живина и останати мали животни | 267 |
| *Добиточна храна произведена на земјоделското стопанство, употребена за:* | |
| 68. Тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози) | 268 |
| 69. Свињи | 269 |
| 70. Живина и останати мали животни | 270 |
| 71. Останати специфични трошоци за добитокот | 271 |
| Специфични трошоци за растително производство | |
| 72. Купено семе и саден материјал | 272 |
| 73. Семе и саден материјал произведени и искористени на земјоделското стопанство | 273 |
| 74. Ѓубре и подобрувачи на почвата | 274 |
| 75. Средства за заштита | 275 |
| 76. Останати специфични трошоци за растително производство | 276 |
| 77. Специфични трошоци за шумарство | 277 |
| Општи трошоци | |
| 78. Одржување на објекти и подобрување на почвата | 278 |
| 79. Електрична енергија | 279 |
| 80. Гориво за греење | 280 |
| 81. Вода | 281 |
| 82. Осигурување | 282 |
| 83. Даноци и останати обврски | 283 |
| 84. Останати општи трошоци | 284 |
| Трошоци за користење на земјиште | |
| 85. Платена закупнина | 285 |
| 86. Од која: платена закупнина за земјиштето | 286 |
| 87. Осигурување на објектите на земјоделското стопанство | 287 |
| 88. Даноци за земјиштето и објектите | 288 |
| Платена камата | |
| 89. Платени камати и финансиски трошоци, вкупно: | 289 |
| 90. Камати и финансиски трошоци за кредити за купување на земјиште и објекти | 290 |
| 91. Од кои: за купување на земјиште | 291 |
| 92. Камати и финансиски трошоци за кредити за обртен капитал | 292 |
| 93. Вкупни трошоци | 293 |

## Е. Земјиште и објекти, основен и обртен капитал

| Број на наслов и опис | Неупотребено | | Вредност на почеток | Инвестиција | | Продажба | Амортизација | Вредност на крајот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Предодземање на субвенциите | Субвенции | | | |
| | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) | (7) | (8) |
| 94. Земјоделско земјиште и објекти, од кои: | 294 | 295 | 296 | 297 | 298 | 299 | 300 | 301 |
| 95. Земјоделско | 302 | 303 | 304 | 305 | 306 | 307 | 308 | 309 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| земјиште | | | | | | | | |
| 96. Повеќегодишни култури | 310 | 311 | 312 | 313 | 314 | 315 | 316 | 317 |
| 97. Подобрување на почвата | 318 | 319 | 320 | 321 | 322 | 323 | 324 | 325 |
| 98. Земјоделски објекти | 326 | 327 | 328 | 329 | 330 | 331 | 332 | 333 |
| 99. Аквизициски трошоци (трошоци за набавка) | 334 | 335 | 336 | 337 | 338 | 339 | 340 | 341 |
| 100. Шумско земјиште, вклучувајќи ги и дрвјата во шумата | 342 | 343 | 344 | 345 | 346 | 347 | 348 | 349 |
| 101. Машини и опрема | 350 | 351 | 352 | 353 | 354 | 355 | 356 | 357 |
| 102. Обртен капитал | 358 | 359 | 360 | 361 | 362 | 363 | 364 | 365 |
| 103. Вкупно | 366 | 367 | 368 | 369 | 370 | 371 | 372 | 373 |

## Ж. Долгови (Обврски)

| Број на наслов и опис | Вредност на почеток | | | | Вредност на крај | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Од кои за | | | Вкупно | Од кои за | | |
| | | Земјиште и објекти | | Други основни средства | | Земјиште и објекти | | Други основни средства |
| | | Вкупно | Од кои земјиште | | | Вкупно | Од кои земјиште | |
| | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) | (7) | (8) |
| 104. Долгорочни и среднорочни кредити | 374 | 375 | 376 | 377 | 378 | 379 | 380 | 381 |
| 105. Краткорочни кредити и кредитори | 382 | 383 | 384 | 385 | 386 | 387 | 388 | 389 |
| 106. Вкупно | 390 | 391 | 392 | 393 | 394 | 395 | 396 | 397 |

## З. Данок на Додадена Вредност (ДДВ)

| Број на наслов и опис | | Сериски број |
|---|---|---|
| 107. | Систем на ДДВ | 400 |
| | ‘Неупотребено’ | 401 |
| 108. | ДДВ за продажба | 402 |
| 109. | ДДВ за набавка | 403 |
| 110. | ДДВ за инвестиции | 404 |
| 111. | Повратен ДДВ од даночните власти | 405 |

## S. Грантови и субвенции

Мора да се наведат сите детали

| Број на | Опис | Код | Износ |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| наслов | | | |
| 112. | 'Неупотребено' | - | 408 |
| 113. | 'Неупотребено' | 409 | до..... |
| | 'Неупотребено' | ... | 448 |
| 114. | 'Неупотребено' | - | 449 |
| 115. | 'Неупотребено' | 450 | до..... |
| | 'Неупотребено' | ... | 469 |
| 116. | 'Неупотребено' | - | 470 |
| 117. | 'Неупотребено' | 471 | до..... |
| | 'Неупотребено' | ... | 480 |
| 118. | 'Неупотребено' | - | 481 |
| 119. | 'Неупотребено' | - | 482 |
| | Разлики од претходната сметководствена година | - | 483 |

## И. Производство (без добиток)

| Производ (наслов) | Вид на култура (код) | Податаоци кои недостасуваат | Површина | Производство во сметководствената година | Вредност на почеток | Продажба | Сопствена потрошувачка на земјоделското стопанство и приход во натура | Вредност на крај | Користење на земјоделското стопанство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) | (7) | (8) | (9) | (10) |
| 488 | 489 | 490 | 491 | 492 | 493 | 494 | 495 | 496 | 497 |
| 498 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | (1) |

(1) Последниот сериски број = 487+ (10 x бројот на внесените производи)

Прилог 6

## Дефиниции и инструкции за пополнување на Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства

### Општи дефиниции и инструкции

а. Податоците за доходот на земјоделските стопанства се однесуваат на едно земјоделско стопанство за една сметководствена година од 12 последователни месеци.

б. Податоците од Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства. Овие податоци се однесуваат на активностите на самото земјоделско стопанство, и онаму каде е соодветно и на шумарството и туризмот кои се поврзани со активностите на земјоделското стопанство. При пополнување на образецот не се зема во предвид се што е поврзано со неземјоделски активности на земјоделското стопанство, сопственикот на земјоделското стопанство или на неговото семејство, или со некаква пензија, наследство, приватни банкарски сметки, имот кој е надвор од земјоделското стопанство, лично оданочување, лично осигурување и др.

Во случај кога средствата за производство на земјоделското стопанство (платена или неплатена работна сила, машини или опрема) се користат за зголемување на вредноста на основните средства (конструкција или големи поправки на машините, изградба или големи поправки или пак дури и рушење на објектите, садење или сечење на овошките), соодветните трошоци или проценка за истите не се вклучуваат во обртните трошоци на земјоделското стопанство. Во секој случај, трошоците за работна сила и работните часови за производство на основните средства треба да се исклучат од трошоците и од податоците за работна сила. Во исклучителни случаи, доколку одредени трошоци (поинакви од трошоците за работна сила) се користат за производство на основни средства и не можат да се пресметаат посебно (на пример, користење на тракторот на земјоделското стопанство) т.е. доколку овие издатоци тогаш се вклучени во трошоци, проценката на сите овие трошоци кои се користени за производство на основни средства се внесуваат во насловот 181 (Останати производи и добивки).

Во секој случај, вредноста на основните средства кои се произведени, треба да се определи врз база на нивните трошоци (вклучувајќи ја и вредноста на неплатената и платената работна сила) и мора да биде дадена кон вредноста на основните средства која е дадена под насловите 94 до 101.

в. Податоците во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства се земат од сметките кои се чуваат систематски и редовно, преку цела сметководствена година.

г. Сметководствените податоци се искажуваат во парична вредност:

- или без ДДВ,

- или со ДДВ под услови кои се наведени подолу (види наслови од 107 до 110).

д. Сметководствените податоци кои се изразени во парична вредност, се искажуваат без грантови или субвенции. Грантови и субвенции се сите форми на директна помош од државните фондови со кои е остварена посебна добивка .

ѓ. Во однос на грантовите и субвенциите:

- во табелата Е грантовите и субвенциите кои треба да се внесат се оние кои се добиени во текот на сметководствената година, вклучувајќи ги и оние кои се добиени за инвестиции кои се направени во претходните сметководствени години,

- во табелата S се запишуваат:

1. сите директни плаќања кои се однесуваат на производството, површините или добитокот поврзани со тековната сметководствена година, дури и кога сеуште не се добиени,

2. за плаќањата во однос на руралниот развој, се внесува само износот кој е добиен во текот на сметководствената година,

е. Податоците во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства треба да бидат дадени во следните единици, и со следниот степен на точност:

- вредности: вредности во денари без децимали,

- физички количини: во квинтали (q = 100 кг), освен во случаи кога станува збор за јајца, кои треба да се изразат во илјади, и вино и слични производи, кои треба да се изразат во хектолитри,

- површини: во ари, освен во случаи на печурки, кои треба да се изразат во квадранти метри од вкупната површина,

- просечен број на добитокот: до едно децимално место, освен за живина и зајаци, кои треба да се изразат со цели броеви, и пчели кои треба да се изразат со број на кошници,

- единици за работна сила: до две децимални места.

Непроменливите позиции (види табели А до И од Прилог 5) каде не се искажува ништо се пополнуваат со нули.

## Дефиниции и инструкции кои се однесуваат на поедини ставки во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства

### А. Општи информации за земјоделското стопанство

#### 1. Број на земјоделско стопанството

Секое земјоделско стопанство кое е селектирано за прв пат за прибирање на структурни податоци за определување на доходот на земјоделското стопанство добива свој број. Земјоделското стопанство го задржува доделениот број за целокупниот временски период на неговата вклученост во мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства. Бројот кој што е еднаш доделен на едно земјоделско стопанство, никогаш повеќе не се доделува на друго земјоделско стопанство.

Сепак, кога некое земјоделско стопанство спроведува фундаментална промена, а особено кога таа промена е резултат на поделба на две посебни земјоделски стопанства, или пак се спојува со друго земјоделско стопанство, тоа земјоделско стопанство се смета како ново земјоделско стопанство. Во ваков случај на земјоделското стопанство му се

доделува нов број. Кога некое земјоделско стопанство го менува видот на земјоделското производство со кое се занимава, тоа земјоделско стопанство не добива нов број.

Бројот на земјоделското стопанство содржи три групи на показатели како што следува:

- Регион – се доделува код број
- Општина – се доделува код број

  Регионот и општината треба да се засновани на заедничкиот систем за класификација на регионите, кој се однесува на Номенклатурата за територијални единици за статистика (во понатамошен текст: НТЕС).

- Сериски број 3 – сериски број на земјоделското стопанство

2. Податоци за компјутерските записи

Податоците кои одговараат на првите пет сериски броеви ја сочинуваат ознаката на земјоделското стопанство. Тие се повторуваат на почетокот на секој запис. Шестиот податок на секое земјоделско стопанство го дава бројот на неразделивите групи со 10 податоци.

3. Организациона форма на земјоделското стопанство

1) Семејни земјоделски стопанства: земјоделски стопанства каде што економските резултати ја покриваат компензацијата за неплатената работна сила и сопствениот капитал и сопствениот капитал на сопственикот/менаџерот и неговото семејство.

2) Партнерство: земјоделски стопанства каде што економските резултати ја покриваат компензацијата за производствените фактори кои се донесени во земјоделското стопанство преку повеќе партнери, од кои барем половина од нив учествуваат во работата на земјоделското стопанство како неплатена работна сила.

3) Други: земјоделски стопанства кои немаат неплатена работна сила и други земјоделски стопанства кои не се класифицирани во категориите 1) и 2).

4. Неупотребено

5. Локација на земјоделското стопанство

Бројот кој е доделен е најсоодветната основна географска единица (по можност по општина) во која е лоцирано стопанството.

6. Категорија на земјоделското стопанство

Ознака на категоријата на земјоделското стопанство во која е класифицирано стопанството во периодот на избор за дадената сметководствената година.

7. Датум на затворање на сметката

Датум на затворање на сметководствената година: на пр.: 31.декември.

8. Области со ограничени услови за земјоделско производство

Потребно е да се наведе дали земјоделското стопанство е сместено во подрачје со ограничени услови за земјоделско производство.

9. Други податоци за земјоделското стопанство

- Земјоделска површина која се наводнува

Земјоделска површина освен онаа под заштитен простор, наводнувана во текот на годината со фиксна или подвижна опрема, без разлика кој систем на наводнување бил употребуван (распрскувачи, поплавување).

- Надморска височина

Надморската височина се означува со соодветна ознака:

1. поголемиот дел од земјоделското стопанство е лоцирано на < 300 m;

2. поголемиот дел од стопанството е лоцирано од 300 до 600 m;

3. поголемиот дел од стопанството е лоцирано на > 600 m;

- Испаша на планина или останати пасишта кои не се вклучени во користено земјоделско земјиште: бројот (цел број) на денови на испаша на условно грло (УГ) добиток на земјиште кое не е вклучено во користено земјоделско земјиште.

Денови на испаша на условно грло е единица која е еквивалентна со еднодневно пасење на една молзна крава, или пак едно говедо или коњ кое е постаро од две години. Деновите на испаша за говеда и коњи помлади од две години, козите и овците се конвертираат во денови на испаша по условно грло со примена на коефициентите 0,5, 0,2 и 0,15 соодветно.

- Вкупна површина под заштитен простор: се изразува во ари површината на која се одгледуваат култури под заштитен простор.

Под заштитен простор се подразбира оранжерија, пластеник и тунел, но не подразбира прекривки или било кои други мали рамки (види дефиниција за култури 138, 141 и 156 од табела И).

- Другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство: се обезбедуваат како процент кој укажува на учеството на обртот кој доаѓа од другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство во вкупниот обрт на земјоделското стопанство.

Се користат следните ознаки:

1. = ≥ 0 до ≤ 10 %
2. = > 10 % до ≤ 50 %
3. = > 50 % до < 100 %.

Б. Вид на посед на земјоделско земјиште

Користено земјоделско земјиште на земјоделското стопанство кое заеднички го поседуваат двајца или повеќе партнери треба да се запише како земјиште кое го поседува сопственикот, изнајмено земјиште или земјиште со удел според договорот кој е на сила помеѓу партнерите.

10. Користено земјоделско земјиште кое го поседува сопственикот

Користено земјоделско земјиште (ораници, ливади и интензивни пасишта и повеќегодишни култури) на кое земјоделскиот производител е сопственик, доживотен закупец или изнајмувач и/или користено земјоделско земјиште кое се користи под слични услови.

11. Користено земјоделско земјиште под наем

Користено земјоделско земјиште (ораници, ливади и интензивни пасишта и повеќегодишни култури) кое го работи лице кое не е сопственик, доживотен закупец или изнајмувач, кое го има изнајмено земјиштето (наемнината се плаќа во готово или во друга форма на плаќање; фиксирана однапред и не се менува во зависност од резултатите на производството) и/или користено земјоделско земјиште кое се користи под слични услови.

12. Користеното земјоделско земјиште со удел

Користеното земјоделско земјиште (ораници, ливади и интензивни пасишта и повеќегодишни култури) кое се работи заедно со изнајмувачот на земјиштето и закупецот врз основ на договор за заедничко работење и/или користено земјоделско земјиште кое се користи под слични услови.

В. Работна сила

Под работна сила се подразбира сите лица кои биле ангажирани да работат на земјоделското стопанство за време на сметководствената година. Сепак, ова не вклучува лица кои работеле во името на некои други лица, или фирми (под договор, чии трошоци се појавуваат како трошоци на земјоделското стопанство).

Во случај на меѓусебна помош меѓу земјоделските стопанства, каде што помошта се состои во размена на работа, помошта која што е добиена е еквивалентна на помошта која е дадена, работното време реализирано од работната сила на земјоделското стопанство и платите се наведени во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства.

Понекогаш применета помош се изедначува со помош од друг вид (на пример: помош добиена во форма на работа се изедначува со помош во давање на користење на машини). Кога размената на услуги е лимитирана, ништо не се наведува во образецот (во горниот пример, помошта која е добиена не се прикажува под работна сила, меѓутоа, машинските трошоци ги вклучуваат трошоците за користење на опремата). Во исклучителни случаи, кога размената на услуги е во поголеми размери, процедурите се следни:

- помошта која е добиена во форма на работа е изедначена со услуги од друг вид (на пример давање на користење на машини): работното време кое е добиено се запишува како платена работа на земјоделското стопанство (наслови 20 или 21, во зависност од тоа дали работната сила е постојано вработена на земјоделското стопанство или е поинаку); вредноста на дадената помош се запишува и како производство под кореспондентниот наслов (во овој случај наслов 177 "Работа под договор за други, вклучително и изнајмување опрема") и како трошок (под наслов 59 "Плати и трошоци за социјално осигурување за платена работна сила");

- помошта која е дадена во форма на работа се изедначува со услуги од друг вид (на пример: давање на користење на машини): во ваква ситуација работното време кое е дадено и платите кои се однесуваат на тоа се изземаат; вредноста на услугите кои се добиени се запишуваат како инпут под кореспондентите наслови (во овој случај, наслов 60 „Работа под договор и изнајмување на машини„).

Треба да се разграничат следниве категории на работна сила:

А. Постојана неплатена работна сила

Неплатена работна сила, или работна сила која добива помала надокнада (во готово или во натура) од износот кој нормално се плаќа за таквите услуги (ваквите плаќања не треба да се појават во трошоците на земјоделското стопанство) и која во текот на сметководствената година учествува (без нормалните празници) најмалку по еден цел ден секоја недела во работата на земјоделското стопанство.

Лице кое е постојано вработено во земјоделското стопанство, но кое, заради посебни услови е ангажирано на земјоделското стопанство само за одреден период во текот на сметководствената година се внесува (за работните саати кои ги има работено) како постојана работна сила.

Може да се јават следниве, или слични случаи:

- посебни производствени услови на земјоделското стопанство за кои што не е потребна работна сила во текот на целата година: на пример земјоделски стопанства кои произведуваат маслинки или грозје и земјоделски стопанства кои се специјализирани за сезонски тов на животни, или производство на овошје или зеленчук на отворено.

- отсуство од работа освен за празници, на пример: служење војска, болест, несреќа, продолжено отсуство и др.

- придружување или напуштање на земјоделското стопанство.

- престанување на работата на земјоделското стопанство заради некакви несреќи (поплава, пожар и др.).

Следниве се под - категории:

13. Сопственик/менаџер

Лице кое превзема економска и правна одговорност за земјоделското стопанство и секојдневно управува со земјоделското стопанството. Во случај на удел, лицето кое има удел е наведено како сопственик/менаџер.

14. Сопственик/не е менаџер

Лице кое превзема економска и правна одговорност на земјоделското стопанство без секојдневно да управува со него.

15. Менаџер/не е сопственик

Лице кое секојдневно управува со земјоделското стопанство без да има економска и правна одговорност за него.

16. Сопруг/а на сопственикот

17. Друга постојана работна сила, неплатена

Постојана неплатена работна сила која не е вклучена во претходните наслови. Вклучува надзорници и подменаџери кои не се одговорни за управувањето на целото земјоделско стопанство.

В.18 Повремена и сезонска неплатена работна сила

Неплатена работна сила кој не работи постојано на земјоделското стопанство во текот на сметководствената година се наведува под овој наслов

Г. Постојана платена работна сила

Платена работна сила (во готово или во натура) според дадените услуги и која за време на сметководствената година (без празници) работела најмалку еден цел ден неделно на земјоделското стопанство.

Прикажани се следните подкатегории:

19. Менаџер на земјоделското стопанство

Платено лице кое е одговорно за секојдневно управување со земјоделското стопанство.

20. Останати

Вкупната постојана платена работна сила (без платениот менаџер на земјоделското стопанството) се впишува под овој наслов. Вклучува и надзорници и под менаџери кои не се одговорни за управување со целото земјоделско стопанство.

Д. 21. Повремена и сезонска платена работна сила

Платена работна сила која не работи постојано на земјоделското стопанство во текот на сметководствената година (вклучувајќи ги и работниците кои се платени по парче) се впишува под овој наслов.

Колони во табела В

Функции кои се извршуваат (код) (колона 1, позиции 51, 55, 59, 63 и 67)

Функциите кои се извршуваат се наведуваат со код број, односно:

1. сопственик/менаџер;
2. сопственик/не е менаџер;
3. менаџер/не е сопственик.

Кога една функција се извршува од повеќе лица, (пример двајца браќа, татко и син), секој од нив се заведува по опаѓачки ред на одговорност; во случај на еднаква одговорност, се користи опаѓачки редослед според старост. Според тоа, податоците кои се однесуваат на лицето со најголема одговорност се запишуваат под позициите 51 до 54; оние кои се однесуваат на лицето кое е следно според одговорностите се запишуваат на позициите од 55 до 58 итн.

Број на лица (колона 1, позиции од 71 до 74)

Треба да се наведе бројот на брачните другари и бројот на лица во категоријата „Останата постојана неплатена работна сила„. Онаму каде што има повеќе сопственици, може да се појават и повеќе брачни другари.

Година на раѓање (колона 2)

Се запишува годината на раѓање само за сопственикот/сопствениците и за менаџерот/менаџерите (категории 13 до 15 и 19), наведувајќи ги само последните две цифри од годината.

Вкупна работна сила: број на годишни работни единици (колона 3)

Постојано вработената работна сила се изразува во годишни работни единици. Лице кое го поминува вкупното годишно работно време на земјоделското стопанство (работник со полно работно време) претставува една годишна работна единица, дури и кога неговото работно време го надминува нормалното годишно работно време во регионот кој се зема во obsир, како и за ист тип на земјоделско стопанство. „Годишна работна единица„ на секое лице се добива преку делење на неговото годишно работно време со нормалното

годишно работно време на работник со полно работно време во регионот, за ист тип на земјоделски стопанства.

Во случај на помалку способни работници еквивалентот на годишната работна единица треба да се намали пропорционално со нивните капацитети.

Време поминато на работа (колона 4)

Времето поминато на работа треба да се наведе во часови. Тоа треба да се однесува на времето кое било посветено на работа на земјоделското стопанство. Во случај на помалку способни работници, времето поминато на работа треба да биде намалено пропорционално со нивните капацитети.

Времето поминато на работа од страна на работниците кои се плаќаат по завршена работа (на норма) се пресметува преку делење на вкупниот износ кој им бил платен за работата со саатницата на работниците кои се вработени временски.

Работа на земјоделско стопанство

Работата на земјоделското стопанство ја вклучува цела работа околу организацијата, надзорот и извршувањето на физичка и административна работа, која се врши во текот на нормалното водење на земјоделското стопанството, на пример:

- организација и менаџмент (продажба и набавка за потребите на земјоделското стопанство, книговодство и др.),
- работа на поле (орање, сеење, жетва, одржување на овоштарници и др.),
- одгледување на добиток (подготвување на храна, хранење на животните, молзење, грижа за добитокот, итн.),
- складирање, подготвување на производите за на пазар и преработка на производите на земјоделското стопанство,
- одржување на објекти, машини, опрема, огради, канали и др.,
- транспорт за земјоделското стопанство од страна на работната сила во стопанството,
- останата работа која е директно поврзана со работата на земјоделското стопанство:

  - работа во шума на пошуменото земјиште кое е вклучено во земјоделското стопанство,

  - работа која се однесува на туризмот (одржување на кампови, терени за спорт или рекреација, објекти за јавање, изнајмување колиби и др.) каде овие активности се помошни и се преклопуваат со работата на земјоделското стопанство до степен кој во пракса е неможно да се издвои од активностите околу туризмот од една

нормална земјоделска работа на земјоделското стопанство (во ваков случај примањата и инпутот кој се однесува на туризмот се вклучени под производи (види наслов 179) и инпут на земјоделското стопанство соодветно),

- работа под договор за други ако е повремена и се изведува со опрема од земјоделското стопанство (плаќањата за ова се вклучени во производството на стопанството).

Следново не е вклучено во работата на земјоделското стопанство:

- работа за производство на основни средства (изградба или поголеми поправки на објекти или машини, садење на овошки, рушење на објекти, вадење на овошки и др.),
- работа која се извршува во домаќинството на сопственикот или менаџерот.

### Г. Број и вредност на животните

Следните категории на добиток треба да се разграничат:

22. Коњи (сите возрасти)

Вклучува и коњи за трка, магариња, мазги, ждребиња итн.

23. Телиња за тов

Телиња за тов кои вообичаено се колат на возраст од околу 6 месеци.

24. Останати говеда до една година старост

25. Машки говеда од една до две години старост

26. Женски говеда од една до две години старост

Освен кравите кои се имаат отелено.

27. Машки говеда од две и повеќе години

28. Јуници за приплод

Женски говеда на две и повеќе години старост кои се уште не се отелиле и кои се наменети за приплод.

29. Јуници за тов

Женски говеда на две и повеќе години старост кои се уште не се отелиле и кои не се наменети за приплод

30. Млечни крави

Женски говеда кои се отелиле (вклучувајќи ги и оние кои се помлади од две години) кои се чуваат исклучиво или воглавно за производство на млеко за свежа консумација или за преработка во млечни производи.

31. Млечни крави за колење

Млечни крави после нивната последна лактација. Доколку има достапни податоци во сметките на земјоделското стопанство.

32. Останати крави

- Женски говеда кои се отелиле (вклучувајќи ги и оние кои се помлади од две години) кои се чуваат исклучиво или воглавно за производство на телиња и чие што млеко не се користи за свежа консумација или за преработка во млечни производи.
- Крави за работа.
- Крави за колење (товени или не пред колењето).

Насловите од 23 до 32 исто така вклучуваат кореспондентни категории на бафала и женски бафала.

33. Пчелни семејства, да се наведат со број на населени кошници

34. Зајаци за приплод

35 до 37 (Неупотребено)

38. Кози за приплод

39. Останати кози

Кози, други од кози за приплод

40. Овци за приплод

Овци на возраст од една година или повеќе кои се наменети за приплод

41. Останати овци

Овци на сите возрасти освен овци за приплод

42. (Неупотребено)

43. Прасиња

Прасиња помалку од 20 кг. жива мера

44. Свињи за приплод

Свињи за приплод од 50 кг. или повеќе освен свињи за колење (види наслов 46 „Останати свињи„).

45. Свињи за тов

Свињи за тов од 20 кг. жива мера и повеќе, освен оние кои се наменети за колење и крмаци (види наслов 46 „Останати свињи„).

46. Останати свињи

Прасиња од 20 кг. жива мера или повеќе, освен свињи за приплод (види наслов 44) и свињи за тов (види наслов 45).

47. Бројлери

Освен кокошки несилки и кокошки за колење. Не вклучува пилиња.

48. Кокошки несилки

Вклучува јарки, кокошки несилки, кокошки за колење. Јарки се млади женски кокошки кои сеуште не почнале да несат. Не вклучува пилиња.

49. Останата живина

Вклучува патки, мисирки, гуски, бисерка кокошка и ноеви. Вклучува живина за приплод. Не вклучува пилиња.

50. Останати животни

Само вредности. Вклучува пилиња, зајаци, освен животни за приплод, елени, бизони и риби. Вклучува и пони и останати животни кои се користат за земјоделски туризам. Исклучува останати производи од животинско потекло. (види табела И, наслов 170).

Колони во табела Г

Вредност на почетокот (колони 1 и 2)

Број (колона 1)

Број на животните кои припаѓаат на земјоделското стопанство на почетокот на сметководствената година, без разлика дали во тој момент се наоѓаат во земјоделското стопанство или не.

Вредност (колона 2)

Вредност на животните кои припаѓаат на земјоделското стопанство на почетокот на сметководствената година, определена според набавните цени во тој период.

Вредност на крајот (колони 3 и 4)

Број (колона 3)

Број на животните кои припаѓаат на земјоделското стопанство на крајот на сметководствената година, без разлика дали во тој момент се наоѓаат во земјоделското стопанство или не.

Вредност (колона 4)

Вредност на животните кој припаѓаат на земјоделското стопанство на крајот на сметководствената година, определена според набавните цени во тој период.

Просечен број (колона 5)

Просечниот број се искажува со едно децимално место, освен за живината и за зајаците каде што се даваат цели броеви. Секоја единица се однесува на присуството на едно животно во земјоделското стопанство во текот на една година. Животните се бројат пропорционално на должината на временскиот период на присуството во земјоделското стопанство во текот на годината.

Просечниот број се определува или преку периодични податоци или преку бележење на пристигнувањата и заминувањата. Тоа ги вклучува сите животни кои се присутни на земјоделското стопанство, вклучувајќи ги и животните кои се одгледани или товени под договор (животни кои не припаѓаат на земјоделското стопанство, кои се одгледувани или товени на земјоделското стопанство на таков начин што активноста единствено ја сочинува услугата која е дадена од страна на сопственикот, кој не сносни финансиски ризик кој нормално е поврзан со одгледување или товење на вакви животни) и животни земени или дадени на одгледување за периодот од годината во кој тие се присутни на земјоделското стопанство.

Д. Набавка и продажба на добиток

Следните категории на добиток се дадени:

51. Коњи

52. Говеда

Насловот 52 вклучува набавка и продажба на бафала.

53. Неупотребен

54. Овци

55. Кози

56. Свињи

57. Живина

Вклучува и сума платена за јајцата за изведување на пилиња и продажба и набавка на пилиња.

58. Останати животни

Вклучува зајаци и населени пчелни кошници

Колони во табела Д

Набавка на добиток (колона 1)

Сите животни кои се набавени во текот на сметководствената година (вклучително и трошоците за набавка). Грантовите и субвенциите кои се однесуваат на набавката не се одземаат од вкупните набавки, но тие се специфицираат под насловот 116 (види инструкции за овој наслов).

Продажба на добиток (колона 2)

Вкупната продажба на животните за време на сметководствената година. Грантовите и субвенциите кои се однесуваат на оваа не се одземаат од вкупните продажби, но тие се специфицираат под насловот 112 (види инструкции за овој наслов).

Онаму каде што има трошоци за маркетинг, и тие се познати, не се одземаат од вкупната продажба, туку се наведуваат под насловот 71 (Останати специфични трошоци за добиток).

Консумирање на земјоделското стопанство и приходи во натура (колона 3)

Вредноста на животните консумирани од страна на домаќинството или се користат за приход во натура во текот на сметководствената година, проценет по цена франко земјоделско стопанство.

Ѓ. Трошоци

Трошоците на земјоделското стопанство (во готово и во натура) кои се однесуваат на „потрошувачка„ на производствени средства (вклучително и употребата од земјоделското стопанство) кореспондираат со аутпутот на земјоделските стопанства во текот на сметководствената година или со „потрошувачката„ на овие средства во текот на сметководствената година. Кога одредени трошоци се однесуваат делумно на приватни цели или приватна корист, а делумно на трошоците од земјоделското стопанство (на пример, електрична енергија, вода, гориво за греење, гориво за моторите итн.) во тој случај само вторите се впишуваат во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства. Делот од трошоците за приватните возила кој кореспондира со нивното користење за цели на земјоделското стопанство исто така треба да се вклучи.

При пресметување на трошоците кои се однесуваат на аутпутот од сметководствената година, набавките и користењето од земјоделското стопанство во текот на сметководствената година треба да се прилагоди на вреднуваните промени (вклучувајќи ги и промените во производството). За секоја ставка потребно е да се прикажат поединечно вкупните платени трошоци и вредноста на користењето од земјоделското стопанство.

Онаму каде што прикажаните трошоци се за вкупно „трошење„ на инпутот во текот на сметководствената година, но не кореспондира со производството во таа година, промените во залихите на инпутите (вклучително и трошоците за одгледување на растенија) треба да се искажат под насловот 102 “Обртен капитал„.

Трошоците кои се однесуваат на „трошење„ на основните средства се претставуваат со амортизација, оттаму трошоците за стекнување на основни средства не треба да се третираат како трошоци на земјоделското стопанство. За инструкции за амортизацијата види ги насловите 94 до 103.

Издатоците на ставките за трошоците кои се компензирани во текот на сметководствената година или подоцна (на пример, поправка на трактор како резултат на несреќа која е покриена со осигурителна полиса или со одговорност од трето лице) не се внесуваат под трошоци на земјоделското стопанство, и соодветната добивка не се внесува во сметководството на земјоделското стопанство.

Добивките од препродажбата на набавените стоки треба да се одземат од кореспондентните инпути.

Грантовите и субвенциите кои се однесуваат на трошоците не се одземаат од кореспондентните трошоци, туку се внесуваат под наслов 114 (види инструкции за тој наслов). Грантовите за инвестиции и субвенции се прикажани под насловите 94 до 103.

Трошоците исто така вклучуваат издатоци за набавки кои се однесуваат на секоја ставка за трошок.

Трошоците се класифицираат на следниов начин:

59. Плати и трошоци за социјално осигурување за платена работна сила

    Овие ставки го вклучуваат следново:

    - плати и надници платени во готово на работници кои заработиле, без разлика на основата за исплата (на норма или по час), со одземање на придонеси кои биле платени на сопственикот како работодавец за да ги изедначи плаќањата на платите кои не кореспондираат со извршената работа (на пример, отсуство од работа заради несреќа, обука итн.),
    - плати и надници во натура (на пример: сместување, исхрана, производи од земјоделското стопанство итн.),
    - бонуси за производство или квалификација, подароци, дел од профитот,
    - останати издатоци кои се поврзани со работната сила (трошоци за селекција),
    - плаќања за социјално осигурување кои е должен да ги плати работодавецот и оние кои се платени од страна на работодавецот во име и наместо вработените,
    - осигурување од повреда на работно место.

Личните плаќања на сопственикот за социјално осигурување и оние кои се однесуваат на неплатената работна сила не се сметаат за трошоци на земјоделското стопанство.

Износите кои ги добиле неплатените работници (кои по дефиниција се пониски од нормална плата – види дефиниција за неплатена работна сила) не треба да се појавуваат во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства.

Надокнадите (во готово или во натура) кои се плаќаат на пензионираните платени работници кои не се повеќе вработени во земјоделското стопанството не треба да се внесуваат под оваа ставка, туку под ставката „Општи трошоци„.

60. Работа под договор и изнајмување на машини

Оваа ставка го вклучува следново:

- Вкупни издатоци кои се однесуваат на работата на земјоделското стопанство кои се изведуваат од страна на земјоделски договарачи. Ова генерално вклучува трошоци за користење на опрема (и гориво) и работата. Во случаи кога се користат други материјали освен гориво (односно, производи за заштита на растенијата, ѓубрива и семиња) и тие се составен дел од договорот, трошоците за овие материјали треба да се исклучат. Овој износ (доколку е потребно преку проценка) треба да се внесе под кореспондентни трошоци (на пример: пестицидите треба да се внесат под насловот 75 „Средства за заштита„),
- трошоците за земање под наем на машини со кои управуваат работниците од земјоделското стопанство. Трошоците за гориво кои се однесуваат на користењето на изнајмените машини треба да се заведат под наслов 62 „Моторни горива и масла„,
- трошоците за давање под наем на машини со кои управуваат работниците од земјоделското стопанство. Горивото и одржувањето на дадените под наем машини треба да се внесат под релевантниот наслов 61 „Одржување на машини и опрема„.

61. Тековно одржување на машини и опрема

Трошоците за одржување на машините и опремата и ситните поправки кои не влијаат врз пазарната цена на опремата (плаќање на механичар, трошоци за резервни делови итн.).

Овој број вклучува набавки на ситна опрема, набавка на гуми, заштитна облека за работа во одредени услови, средства за чистење на опремата генерално, и дел од трошоците за приватните возила кои содејствуваат со нивното користење за цели на земјоделското стопанство (види исто и наслов 63). Детергентите кои се користат за миење на опремата за добиток (на пример: машините за млеко) се внесуваат под насловот 71 “Останати специфични трошоци за добитокот„.

Поголемите поправки кои ја зголемуваат вредноста на опремата, споредени со нејзината вредност пред поправката не се вклучуваат под овој наслов (види инструкции за амортизација во табела Е).

62. Моторни горива и масла

Овој наслов вклучува дел од трошоците за горивото и маслата за приватните возила кои кореспондираат со нивното користење за цели на земјоделското стопанство (види исто така и наслов 63).

Онаму каде што се користат нафтени производи и како моторно гориво и како гориво за греење вкупниот износ се дели на двата наслови:

62. “Моторни горива и масла”

80. “Гориво за греење”

63. Трошоци за автомобил

Онаму каде што делот од трошоците за приватните возила се смета произволно (на пример фиксна цена по километар) овие трошоци се наведуваат под овој наслов.

Добиточна храна

Добиточна храна се дели на онаа која е набавена и на онаа која е произведена и се користи на земјоделското стопанство.

Набавената добиточна храна вклучува минерали, млечни производи (купени или вратени на земјоделското стопанство) и производи за чување и складирање на добиточна храна, како и трошоци за испаша, користење на заеднички пасишта или земјиште за испаша кое не е вклучено во користено земјоделско земјиште и изнајмување на земјиште за пасишта кое не е  вклучено во користено земјоделско земјиште. Набавената слама исто така се вклучува во набавена храна.

Набавената храна за тревопасниот добиток се дели на концентрирана храна и кабаста храна (вклучително и платена испаша и трошоци за испаша за користење на заеднички пасишта, и земјиште за испаша и пасишта кои не се вклучени во користено земјоделско земјиште, и набавената слама).

Насловот „Концентрирана храна„ вклучува особено ленени погачи, смески, жита, минерали и производи за чување и складирање на добиточната храна.

Трошоците за работа реализирана од страна на земјоделски договарачи за производство на кабаста храна, на пример: силажа, се внесуваат под насловот 60 „Работа под договор и изнајмување на машини„.

Сточната храна која е произведена и се користи на земјоделското стопанство вклучува производи од земјоделското стопанство кои може да се продаваат, кои се користат како добиточна храна (вклучувајќи млеко и млечни производи, но без млекото кое е употребено за доење на телињата, кое не се зема во предвид). Сламата произведена во земјоделското стопанство се вклучува само доколку може да се продава во регионот и во годината за која станува збор.

Треба да се направи следниот преглед:

Набавена храна:

64. Концентрат за тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози)

65. Кабаста храна за тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози)

66. Набавена храна за свињи

67. Набавена храна за живина и останати мали животни

Добиточна храна произведена на земјоделското стопанство која се користи на земјоделското стопанство за:

68. Тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози)

69. Свињи

70. Живина и останати мали животни

71. Останати специфични трошоци за добитокот

    Сите трошоци кои се однесуваат директно на сточарското производство, а за кои не постои посебна одредба под другите трошоци: хонорари за ветеринар, лекарства, трошоци за осеменување, вештачко оплодување, кастрирање, тестирање на млекото, членарини и регистрации во регистри, детергенти за чистење на опремата за добитокот (на пример: машините за молзење), амбалажа за пакување на производите од животинско потекло и средства за преработка на производите од животинско потекло, трошоци за чување и подготвување на производите од животинско потекло за на пазар, а кои се подготвуваат надвор од земјоделското стопанство, трошоци за маркетинг на производите од животинско потекло на земјоделското стопанство, повремени набавки на производи од животинско потекло (на пример: млеко) кое се преработува на земјоделското стопанство, итн. Вклучува и краткорочни изнајмувања на објекти кои се користат за сместување на добитокот или за чување на производите кои се поврзани со нив.

72. Набавка на семе и саден материјал

    Сите набавени семиња и саден материјал, вклучително и главици, луковици, и стебла. Трошоците за садници и саден материјал за нови насади претставуваат инвестиција и треба да се запишат или под насловот 96 „Повеќегодишни култури„ или под насловот 100 „Шумско земјиште„. Сепак, трошоците за садници и саден материјал за мали пресадувања треба да се сметаат како трошоци за сметководствената година и треба да се назначат под овој наслов, освен оние кои се однесуваат на шумите и се поврзани со земјоделското стопанство и кои треба да бидат внесени под насловот 77 „Специфични трошоци за шумарство„.

    Трошоците за обработка на семињата (сортирање, дезинфекција) исто така се вклучуваат под овој наслов.

73. Семиња и саден материјал произведени и употребени на земјоделското стопанство

    Сите семиња и саден материјал (со главици, луковици и стебла) произведени и употребени на земјоделското стопанство.

74. Ѓубриња и подобрувачи на почвата

    Сите набавени ѓубриња и подобрувачи на почвата (пример вар) вклучително и компост, тресет и ѓубре (гној) без ѓубривото кое е произведено на земјоделското стопанство.

    Ѓубривата и подобрувачите на почвата кои се користат за шумарството треба да се внесат под  насловот 77 „Специфични трошоци за шумарство„.

75. Средства за заштита на растенијата

Сите средства за заштита на растенијата и посевите од болести и штетници, предатори, лошо време итн. (инсектициди, фунгициди, хербициди, отровни мамки, плашила за птици, градобијни ракети, заштита од мраз итн.). Доколку активностите околу заштитата ги извршува договорач како услуга и ако трошоците за средствата за заштита кои ги користи не се издвоени, вкупниот износ треба да се внесе под насловот 60 „Работа под договор и изнајмување на машини„.

Средствата за заштита кои се користат за шумарството треба да се внесат под насловот 77 „Специфични трошоци за шумарство„.

76. Останати специфични трошоци за растително производство (вклучително и ливади и пасишта)

Сите трошоци кои се директно поврзани со растителното производство, а за кои не постои посебна одредба под насловите за други трошоци: материјали за пакување и спојување, жици и јажиња, трошоци за анализа на почвата, пластични прекривки (пример за одгледување на јагоди), набавки за складирање и преработка на производи, чување и подготовка на производи за на пазар кое се одвива надвор од земјоделското стопанство, трошоци за маркетинг на производите од земјоделското стопанство, износи кои се платени за изнајмување на земјиште за период помал од една година за да се одгледуваат растенија кои можат да се продадат, повремени набавки кои го надополнуваат производството на земјоделското стопанство, производите од растително потекло (пример грозје), кои се преработуваат на земјоделското стопанство, итн.

77. Специфични трошоци за шумарство

Ѓубриња, заштитни материјали, разни специфични трошоци. Трошоците за работна сила, работата под договор и механизацијата не се вклучени: тие треба да се прикажат под соодветните наслови.

78. Тековно одржување на објекти и подобрување на почвата

Одржување на објектите и подобрувања на почвата вклучувајќи стакленици и потпори. Набавката на градежните материјали за тековното одржување треба да се внесе по овој наслов.

Набавката на градежните материјали за новите инвестиции треба да се внесат под колоната „инвестиции„ од насловот 94 „Земјоделско земјиште и објекти„: 97 „Подобрување на почвата„ и/или 98 „Земјоделски објекти„.

Трошоците за големите поправки на објектите кои ја зголемуваат нивната вредност (инвестициски одржувања) не се вклучени под овој наслов, дури и кога трошоците за ваква работа ги сноси закупецот (види инструкции кои се однесуваат на платена закупнина, наслов 85). Овие трошоци се прикажани во насловот 98 „Земјоделски објекти„.

79. Електрична енергија

Вкупна потрошувачка на електрична енергија која земјоделското стопанство ја користи за своето работење.

80. Гориво за греење

Вкупна потрошувачка на гориво за греење која земјоделското стопанство ја користи за своето работење вклучително и греење на стаклениците.

81. Вода

Трошоците за поврзување со водоводната мрежа и потрошувачката на вода за целите на земјоделското стопанство, вклучувајќи го и наводнувањето. Трошоците за користење на опрема за вода во сопственост на користење на земјоделското стопанство се внесуваат под соодветните наслови: амортизација на машини и опрема, тековно одржување на машини и опрема, моторни горива, електрична енергија.

82. Осигурување

Сите осигурителни премии кои покриваат ризици на земјоделското стопанство, како што се одговорности од трето лице, пожар, поплава, осигурување против смрт на добитокот и уништување на растенијата итн., освен осигурителни премии кои покриваат несреќи на работното место кои се прикажани во насловот 59. Вклучува осигурителни премии само за објектите, доколку тие не се внесени под насловот 87.

83. Даноци за земјоделското стопанство и останати обврски

Сите даноци и останати обврски кои се однесуваат на работењето на земјоделското стопанство, вклучително и оние кои се однесуваат на мерки за заштита на животната средина, но без ДДВ и даноци за земјиштето, објектите или работната сила. Данокот на добивка на сопственикот не се смета како трошок на земјоделското стопанство.

84. Останати општи трошоци на земјоделското стопанство

Сите останати трошоци кои не се спомената во претходните наслови (хонорари за сметководители, секретарски услуги, канцелариски трошоци, телефонски сметки, разни придонеси и членарини итн.).

85. Платена закупнина

Платена закупнина (во готово или во натура) за изнајмено земјиште и објекти на земјоделското стопанство. Овој наслов ги опфаќа трошоците кој ги платил закупецот во име на сопственикот или наместо сопственикот (на пример: даноци за земјиштето и амортизација во однос на големите поправки каде што трошоците ги сноси закупецот). Треба да се внесат само деловите од куќите на земјоделското стопанство и објектите кои служат за работењето на земјоделското стопанство.

86. Од која: платена закупнина за земјиштето

87. Осигурување на објектите на земјоделското стопанство

Оваа информација е незадолжителна.

Осигурителни премии (пожар, поплави итн.) за објектите кои се во сопственост на сопственикот, кои во случај да се дадени под закуп вообичаено се плаќаат од страна на закуподавецот. Доколку целото осигурување е покриено со една полиса, треба да се процени делот за премијата кој се однесува на објектите од земјоделското стопанство.

88. Даноци и останати давачки за земјиштето и објектите

Даноци, финансиски давачки и останати давачки кои се плаќаат по однос на сопственост на земјоделското земјиште и објектите кои се во сопственост на сопственикот или се со удел.

89. Платени камати и финансиски трошоци, вкупно

Камати и финансиски трошоци за позајмен капитал (кредити) кои се добиени за земјоделското стопанство. Оваа информација е задолжителна.

Субвенциите на каматите не се одземаат, но се внесуваат во табелата 3 под насловот 114.

90. Камати и финансиски трошоци за кредити за купување на земјиште или објекти

Оваа информација не е задолжителна

91. Од кои: камати и финансиски трошоци за кредити за купување на земјиште

Оваа информација не е задолжителна

92. Камати и финансиски трошоци за кредити добиени за финансов обртен капитал (добиток, основни средства и обртен капитал) и кон кредиторите

Оваа информација не е задолжителна

93. Вкупни трошоци

Вкупно од насловите 59 до 89.

## Е. Земјиште и објекти,основни средства и обртен капитал

Потребно е да се направи следната поделба:

94. Земјоделско земјиште и објекти на земјоделското стопанство

Вкупно насловите од 95 до 99. Насловите 95, 97 и 99 треба да се пополнат онаму каде што постојат релевантни податоци во сметките.

95. Земјоделско земјиште

Земјоделско земјиште кое го користи сопственикот

96. Повеќегодишни култури

Сите насади (освен дрва и шуми и без вредноста на земјиштето) кои припаѓаат на сопственикот без разлика на типот на користење на земјиштето. Овој наслов мора да се пополни и износот кој е вклучен овде е предмет на амортизација во колона 7, позиција 316.

Одгледување на млади насади (повеќегодишни култури кои сеуште не даваат целосно производство) треба да се вклучат во „Инвестиција„ (колона 4). Исто така треба да се внесат во табела И, наслов 159, „Вредност на крајот„ (колона 9).

97. Подобрување на почвата

Подобрувањата на почвата (на пример: поставување огради, дренажи, фиксирана опрема за иригација) припаѓаат на сопственикот, без разлика на видот на сопственост на земјиштето. Износите кои се внесуваат се предмет на амортизација во колона 7, позиција 324.

98. Објекти на земјоделското стопанство

Објекти кои припаѓаат на земјоделското стопанство без разлика од типот на користење на земјиштето. Насловот мора да се пополни и износите кои се внесуваат се предмет на амортизација во колона 7, позиција 332.

99. Трошоци за набавка

Хонорари за правни совети, давачки за регистрација, итн., кои се однесуваат на стекнување на земјоделското земјиште или земјоделски објекти. Трошоци за аквизиција за шумско земјиште се исклучени.

100. Шумско земјиште, вклучувајќи и дрвјата во шумата

Шумско земјиште кое го користи сопственикот кое е вклучено во земјоделското стопанство, вклучувајќи ги и соодветните трошоци за аквизиција.

101. Машини и опрема

Трактори, мотокултиватори, камиони, комбиња, поголема или помала опрема за земјоделското стопанство, алатки, кои надминуваат вредност од 300 евра во денарска противвредност кога се нови.

102. Обртен капитал

Обртниот капитал се состои од следново:

а) залихи: производи на земјоделското стопанство и набавки кои се во залиха

б) останат обртен капитал:

- вредност на културите кои сеуште не се ожнеани (ограничени со вредноста на ѓубривата, подобрувачи на почвата, семе и саден материјал кои се користат за одгледување на посевите, без саден материјал за повеќегодишни култури),

- сопственост на земјоделските удели (удели во задруги и останати организации чии услуги ги користи земјоделското стопанство),

- износи кои треба да се наплатат краткорочно по однос на продажба на производи или имот, или давање услуги,

- износи кои се платени однапред за стоки и услуги,

- баланс на готовина (во готово, на сметка, на поштенска жиро сметка) кои се потребни за работење на земјоделското стопанство

Каматите добиени по основ на банкарските сметки треба да се внесат под насловот 178.

Онаму каде што не е можно да се одреди точниот износ на обртниот капитал, треба да се направи општа проценка. Таа може да содржи проценка на просечниот капитал кој е вложен во процесот на производството, земајќи го во предвид временскиот период на инвестицијата. Во ваков случај, вкупниот обртен капитал е ист на почетокот и на крајот.

103. Вкупно

Вкупно од насловите 94, 100, 101 и 102.

## Колони во табела Е

Вредност на почетокот (колона 3)

Вредноста на почетокот е вредност на стоките на почетокот на сметководствената година. За земјоделски стопанствата кои се дел од репрезентативниот примерок во претходната година, вредноста на почетокот треба да е еднаква со вредноста на крајот

од претходната година. За новите земјоделски стопанства од репрезентативниот примерок, вредноста на почетокот се пресметува на следниов начин:

- за основни средства кои не се предмет на амортизација, вредноста е еднаква на вредноста на замена,
- за основни средства кои се предмет на амортизација, се определува според периодот на амортизација кој преостанува и врз основа на вредноста на замена (вклучително и поголеми поправки кои се веќе направени).

Вредноста на замена е еднаква со набавната цена на слично ново основно средство по моменталната цена. Таа исто така може да се пресмета врз основа на индексот на цени (општ или посебен) за основните средства за кои станува збор (машини, објекти и сл.).

Земјиштето се вреднува врз основа на цените (нето трошоци за набавка) кои се применуваат во регионот за не изнајмено земјиште во слична ситуација и слични квалитетни својства, која е продадена за земјоделски цели (вреднување направено за трансферот на имотот помеѓу роднини не се зема предвид при одредување на вредноста). Онаму каде што трошоците за приватните возила се користат за цели на земјоделското стопанство, тие се делат помеѓу насловите 61 “Одржување на машини и опрема„ и 62 „Моторни горива и масла„, уделот на земјоделското стопанство во вредноста на возилата се вклучува во механизација. Меѓутоа, доколку трошоците за користење на приватно возило за цели на земјоделското стопанство се пресметуваат произволно (види наслов 63), во тој случај приватните возила не се вклучуваат во механизација.

Инвестиции (колона 4)

Вкупните издатоци за набавки, поголеми поправки и инвестиции во основни средства во текот на сметководствената година. Онаму каде што се примени грантови и субвенции по однос на овие инвестиции, износот кој е потрошен пред одземање на грантовите и субвенциите се внесува во колона 4.

Набавки на помали предмети машини или опрема, како и садници и саден материјал за помал зафат на пресадување не се појавуваат во овие колони, но се вклучуваат во трошоци од сметководствената година (види наслов 61) „Одржување на машини и опрема„, наслов 72 „купено семе и саден материјал„, наслов 77 „специфични трошоци за шумарство„.

Онаму каде што плаќањата се направени по основа на фиксна камата за обврзници, се пресметува врз основа на вредноста во готовина.

Инвестиции субвенции (колона 5)

Субвенции кои се примени во текот на сметководствената година. Може да вклучуваат и оние кои се платени за инвестиции во претходната година.

Продажби (колона 6)

Вкупно продажба на основни средства во текот на сметководствената година.

Амортизација (колона 7)

Амортизацијата која треба да се заведе е износот на амортизација во текот на сметководствената година. Се одредува врз основа на вредност за замена (на пример: вредност за замена на крајот од сметководствената година, помножена со стапката на амортизација).

Амортизација на насади

Трошоците за садници и саден материјал за нови насади претставуваат основни средства кои се предмет на амортизација.

Само насади кои се во сопственост на сопственикот (без разлика на видот на сопственост на земјиштето) се предмет на амортизација.

Амортизација на објектите на земјоделското стопанство, основните средства и подобрувањата на почвата.

Амортизација на објектите на земјоделското стопанство, основните средства и подобрувањата на почвата кои припаѓаат на сопственикот, без разлика на видот на сопственост на земјиштето.

Амортизација на машините и опремата

Машините и опремата кои се предмет на амортизација се дефинираат како такви имајќи вредност која надминува 300 евра во денарска противвредност, кога се нови. Амортизацијата на помалата опрема или опрема со помала вредност не треба да се пресметува. Набавките на ваква опрема директно се третираат како трошоци во сметководствената година (види наслов 61 „Одржување на машини и опрема„).

Поголемите поправки кои ја зголемуваат вредноста на машините и опремата споредени со нивната вредност пред поправката, исто така треба да се вклучат под овој наслов, или како составен дел на амортизацијата на машините или опремата, при што соодветно на поправката треба да се земе во предвид продолженото времетраење (заради извршената поправка) на предметот за кој станува збор, или пак преку распределување на трошоците од поправката низ повеќе последователни години.

Износот на годишната амортизација треба да се пресмета според линеарен метод, или според метод на баланс во опаѓање.

Стапката на амортизација се одредува преку разни фактори кои зависат во поголем дел од посебни услови во регионот и од производството за кое станува збор (износот на користење за секоја година), но исто така и според техничкиот напредок.

Во поглед на разликите кои се појавуваат при амортизацијата од еден регион до друг, па дури и од едно стопанство до друго, регионалните центри може да изберат стапки за секоја машина или опрема која е соодветна за регионот или стопанството, со цел да се држат колку што е можно поблиску до вистинското намалување на вредноста на машините.

Вредност на крајот (колона 8)

Вредност на крајот е вредност на основните средства на крајот од сметководствената година. Се пресметува врз основа на вредноста на замена во времето и периодот на амортизација што преостанува.

## Ж. Долгови

Дадените износи треба да се однесуваат само на износите кои се уште се неисплатени, односно, кредитот минус ратите кои се уплатени. Кредит во форма на обврзници со фиксна камата се вреднуваат според нивната вредност во пари. Мора да се наведат информации, барем за позициите 374, 378, 382, 386, 390 и 394.

Кредитите се наведуваат според времетраењето, односно:

104. Долгорочни и среднорочни кредити

Кредити за стопанството во времетраење од една година и повеќе.

105. Краткорочни кредити и кредитори

Кредити за стопанството на помалку од една година, долгови и неплатени обврски.

106. Вкупно

Вкупно од 104 до 105

Ако има достапни податоци на сметката на земјоделското стопанство, кредитите треба да се поделат според намената на кредитот, односно:

- кредити за земјиште и објекти (колони 2 и 6),
- кредити за набавка на земјиште (колони 3 и 7), кредити за останати основни средства (колони 4 и 8).

Збирот од овие ставки го дава износот  кој е прикажан во колона 1 (вкупно вредност на почеток) (=колони 2+4) и колона 5 (вкупно вредност на крај) (=колони 6+8).

## 3. Данок на додадена вредност (ДДВ)

Податоците за финансиските средства во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства се изразуваат без ДДВ .

Во случај земјоделското стопанство да е предмет на нормален ДДВ систем не треба да се внесува ништо под насловите 108 и 111. Истото се однесува и доколку набавките и продажбите се внесени со ДДВ.

107. ДДВ за продажба

Собраниот ДДВ во текот на сметководствената година од производите кои се продадени.

108. ДДВ за набавки

ДДВ кој е платен во текот на сметководствената година за тековните набавки на стоки и услуги.

109. ДДВ на инвестиции

ДДВ кој е платен во текот на сметководствената година за набавка на капитални добра (инвестиции).

110. ДДВ кој е вратен од даночните власти

Износот на поврат

## S. Грантови и субвенции

Под насловите 112 до 118 се внесуваат грантовите и субвенциите кои се добиени од државните фондови, без грантовите и субвенциите за инвестиции кои се внесени од 94 до 103. Во насловот 119 се внесуваат грантовите и субвенциите за временски непогоди.

## И. Производство (без добиток)

Насловите за одреден вид на производство се поделени во поднаслови. Во такви случаи податоците за колоните 4 до 10 треба да се дадат за главниот наслов и за поднасловот.

Податоците за производството се наведуваат за сите видови на производство:

120. Пченица

121. Тврда пченица

122. Рж

123. Јачмен

124. Овес

125. Мешавина од летни жита

126. Пченка за зрно

127. Ориз

128. Други житни култури

Семињата се вклучени во насловите 120 до 128.

129. Протеински растенија (вклучувајќи семе и мешавина на суви мешункасти култури)

130. Компир (вклучително и ран компир и семе)

131. Шеќерна репа (без семе)

132. Зељасти маслодајни култури (вклучувајќи и семе)

133. Хмељ (со исклучок на семе)

134. Тутун (со исклучок на семе)

135. Други индустриски растенија (со исклучок на семе)

136. Свеж зеленчук, дињи и јагоди кои се одгледани на отворено во плодоред со земјоделски растенија

137. Свеж зеленчук, дињи и јагоди градински зеленчук произведен на отворено: култури кои се одгледуваат со други градинарски култури и во краток систем на плодоред со скоро континуирано искористување на почвата и со неколку берби годишно.

138. Свеж зеленчук, дињи, јагоди под заштитен простор: култури кои се одгледуваат под заштитен простор (стакленици, тунели, пластеници) во текот на целата или подолг период од производствената сезона.

139. Печурки: вкупната површина под последователни култури (основната површина × бројот на целосни берби) треба да се наведе во квадратни метри. Оваа површина не е вклучена во вкупно (наслов 183).

140. Цвеќиња и декоративни растенија одгледани на отворено (без расадници кои треба да се внесат под наслов 157)

141. Цвеќиња и декоративни растенија одгледани под заштитен простор

142. Семе за трева (трева и фуражни легуминози)

143. Останати семиња (семе за градинарски култури, семе и саден материјал на ораници освен жита, суви мешункасти култури, компир, маслодајни култури и семе за трева)

144. Добиточни репи и растенија од фамилија Brassicacae (добиточен морков и добиточна репа, други добиточни репи од фамилија Brassicacae) (со исклучок на семе).

145. Останати фуражни култури: сите зелени крмни растенија кои се одгледани во плодоред и користат исто земјиште за помалку од пет години (годишни или повеќегодишни крмни растенија без треви).

146. Угари: целокупното обработливо земјиште вклучено во системот на плодоред, без разлика дали се обработува или не се обработува, и од кое не се планира да се произведе жетва во текот на дадената сметководствена година.

Поднаслови на насловот 146:

315. Угари без субвенции

316. Угари за кои се добиваат субвенции

147. Ливади: трева посеана на ораници и оставена на период пократок од една година како крмен посев за зелено. Вкупната количина за продажба на сено и/или трева која се добива од оваа површина треба да се наведе под овој наслов.

148. Останати поледелски култури кои не се вклучени во насловите од 120 до 147 или нивните поднаслови.

149. Земјиште кое е дадено под закуп и кое е спремно за садење, вклучително и земјиште кое им се дава на вработените како приход во натура.

150. Ливади и интензивни пасишта: користено земјоделско земјиште, кое не е обработено, со систем на плодоред кое е постојано определено (на пет или повеќе години) за производство на зелени фуражни растенија без разлика дали се посадени или се диви, обично и нaѓубрено и обработено. Вкупната количина од продажбата на сено и/или трева која се добива од оваа површина треба да се наведе под овој наслов.

151. Груби пасишта: сиромашни пасишта вклучително земјиште со грмушки, обично без третирање со ѓубрива и не обработени.

152. Плантажи со овошје и ситно зрнесто овошје

153. Плантажи со цитрусни овошја

154. Плантажи со маслинки

155. Лозја

156. Повеќегодишни култури кои се одгледуваат под заштитен простор

157. Расадници: вклучително расадници за лозја, без расадници за дрва во шумите кои служат за потребите на земјоделското стопанство

158. Останати повеќегодишни насади (врби, трски, бамбуси, итн.)

159. Одгледување на млади насади кои се вреднуваат врз база на трошоците за инпути (се земаат во предвид само насади кои сеуште не се во полна родност). Овој износ исто така се внесува и во инвестиции (колона 4) под насловот 96 „Повеќегодишни култури„ (табела Е).

160. Производи преработени од растенија од земјоделското стопанство кои не се посебно споменати; вклучувајќи алкохол кој не е добиен од грозје, јаболков сок, крушовица, или друго.

161. Секундарни производи од растенијата (без секундарните производи од лозјата и маслиновите насади)

162. Кравјо млеко

163. Производи од кравјо млеко

164. Овчо млеко

165. Козјо млеко

166. Волна

167. Производи од овчо млеко

168. Производи од козјо млеко

169. Јајца од кокошки (вклучително и јајца за испилување)

170. Останати производи од животинско потекло (продадено ѓубре, други јајца освен од кокошка, итн.)

171. Одгледување под договор: Износот од добивките за одгледување под договор кое воглавно одговара со плаќањата за дадените услуги и каде што сопственикот не го превзема економскиот ризик кој вообичаено постои при одгледување или тов на овие животни.

173. Шуми: Земјиште покриено со шума, вклучително и расадници кои се лоцирани во шумата, како и насади со тополи. Изолирани дрва, честаци и дрвореди не се вклучуваат во шумски предели, нивните површини се вклучени во земјата која ги обиколува. Шумскиот предел се зема во предвид доколку е управуван од сопственикот, одржуван од работната сила на сопственикот и со опремата на сопственикот и/или доколку производите кои ги дава шумата се користат во земјоделското стопанство.

174. Продажба на исечени дрвја: Вредноста на продажбата на дрвјата, вклучително и користењето на земјоделското стопанство во текот на сметководствената година.

175. Продажба на неисечени дрвја: Вредноста од продажбата на неисечените дрвја во текот на сметководствената година.

176. Останати шумски производи: Вредност на продажбата од шумските производи без дрвјата (плута, борова смола итн.) .

177. Работа по договор за други, вклучително и изнајмување опрема

178. Камата на ликвидни средства на банкарска сметка на сопственикот која е потребна да се води стопанството. Овој наслов не се пополнува доколку обртниот капитал е определен произволно (види исто така и инструкции за обртен капитал, наслов 102).

179. Добивки од туризам, каде туризмот се преклопува со земјоделските активности на стопанството до тој степен што во пракса е неможно да се издвојат и таму каде што релевантните трошоци и трудот не можат да бидат издвоени, затоа тие се вклучени под кореспондентните наслови. Тие вклучуваат наемнини од туристи (кампинг места, колиби, лов, риболов итн.).

180. Корекција на добивките кои се однесуваат на претходната сметководствена година: износите кои се добиени во текот на годината, а кои се однесуваат на претходните сметководствени години кои не биле вклучени во добивките од тие години. Грантови, субвенции и директна помош кои се однесуваат на производи, животни, површина, трошоци и катастрофи треба да бидат внесени за тековната година под насловите 112 до 118, и за претходните години под сериски број 483.

181. Останати производи и добивки кои не се наведени погоре: вредност на наемнината за сместување на вработените (проценети врз база на релевантни трошоци); стварање на долготраен материјален имот (проценета вредност за сите трошоци за производство на долготраен материјален имот кои се водат како тековни трошоци на земјоделското стопанство, добиени компензации кои не можат да се доделат кон ништо конкретно или пак да се одземат од трошоците, итн.

182. Останати области и нивно производство: Сите области, пример куќни градини, земјиште со објекти, рибници, итн.

183. Вкупно: збир од насловите 120 до 182. Меѓутоа, збирот од површините не ги вклучува површините кои се користат за меѓупосеви и печурки. Затоа збирот од површините претставува вкупната површина на стопанството.

Доколку соодветните податоци се достапни од сметководството, насловите 135, 136, 137, 138, 140, 141, 152, 153, 154, 155, 160, 161, 171 се наведуваат како што следува во текстот. Посебно се прикажуваат само најважните податоци, помалку значајните производи се комбинираат под соодветните “Останати” наслови (наслови 185, 231, 237, 242, 274, 284, 291, 298, 306, 311).

184. Медицински растенија, миродии, ароматични растенија и зачини, вклучително чај

185. Други индустриски производи (со исклучок на семе)

Поднаслови на насловот 129

186. Грашок, грав и слатка лупина

187. Леќа, леблебија и граорица

188. Други протеински растенија

Поднаслови за насловот 130

189. Компир за скроб

190. Друг компир

Поднаслови за насловот 132

191. Маслодајна репа

192. Сончоглед

193. Соја

194. Останато (вклучително сусам, кикирики, синап, афион и останато)

Поднаслови на насловот 136, 137, 138:

195. Домати

196. Пиперки

197. Краставици

198. Корнишон

199. Млад кромид

200. Стар кромид

201. Млад лук

202. Стар лук

203. Морков

204. Есенска зелка

205. Зимска селка

206. Лубеници

207. Дињи

208. Јагоди

209. Бабури

210. Гамби

211. Патлиџан

212. Боранија

213. Леќа

214. Праз

215. Спанак

216. Карфиол

217. Цвекло

218. Ротквица

219. Целер

220. Магдонос

221. Келераба

222. Кељ

223. Артичока

224. Блитва

225. Пастранак

226. Рен

227. Шпаргла

228. Кикиритки

229. Тикви

230. Тиквици

231. Салата

232. Останат свеж зеленчук

Поднаслови на насловот 140 и 141:

233. Каранфил

234. Гербер

235. Гладиола

236. Хризантема

237. Кала

238. Ружа

Поднаслови на насловот 145

239. Фуражна пченка

240. Останати жита за силажа

241. Останати фуражни растенија

Поднаслови на насловот 152

242. Мушмули

243. Цреши

244. Вишни

245. Кајсии

246. Праски

247. Сливи

248. Круши

249. Дуњи

250. Јаболка

251. Калинки

252. Смокви

253. Киви

254. Други овошја

255. Останато овошје

Поднаслови на насловот 153:

256. Портокали

257. Мандарини, Клементина и останати слични ситни овошја

258. Лимони

259. Останато струшково овошје

Поднаслови на насловот 154:

260. Трпезни маслинки

261. Маслинки за производство на масло (продадени во форма на овошје)

262. Маслиново масло

263. Маслинови секундарни производи

Поднаслови на насловот 155:

264. Трпезно грозје

265. Грозје за квалитетно вино со заштитено ознака на потекло (PDO)

266. Грозје за квалитетно вино со заштитена географска ознака (PGI)

267. Грозје за други вина

268. Разновидни производи од винова лоза: шира, сок, ракија, киселина и останати производи на земјоделското стопанство

269. Квалитетно вино со заштитено име на потекло (PDO)

270. Квалитетно вино со заштитена географска идентификација (PGI)

271. Останати вина

272. Суво грозје

273. Секундарни лозови производи (комина и др.)

Поднаслови на насловот 161:

274. Слама

275. Останати секундарни производи

Поднаслови на насловот 171

Деталите треба да се внесат доколку се достапни во сметките на стопанството.

276. Говеда под договор

277. Овци и/или кози под договор

278. Свињи под договор

279. Живина под договор

280. Останати животни под договор

Колони во табела И

Производи (колона 1)

Производите треба да се наведат според броевите кои се дадени погоре од помалите кон поголемите броеви.

Вид на култура (колона 2)

Следните видови на култури и нивните кореспондентни кодови:

- Поледелски култури (вклучително и свеж зеленчук, дињи и јагоди кои се одгледани на отворено во плодоред со земјоделски култури).

  Код 1: Главна култура

  Код 2: Комбинирана култура

  Код 3: Меѓукултура

- Градински зеленчук и цвеќиња кои се одгледани на отворено

  Код 4: Свеж зеленчук, дињи и јагоди, градински зеленчук на отворено (види наслов 137) и цвеќиња и декоративни растенија одгледани на отворено (види наслов 140).

- Култури под заштитен простор

  Код 5: Свеж зеленчук, дињи и јагоди под заштитен простор (види наслов 138), цвеќиња и декоративни растенија под заштитен простор (види наслов 141).

  Код 0: Овој код се користи во случај на производи од сточарско производство, преработени производи и секундарни производи.

Главни култури

Главни култури претставуваат:

– Поединечни култури, односно единствени култури кои се одгледуваат на дадена површина во текот на сметководствената година,

- Мешани култури: посадени, одгледани и ожнеани култури заедно, кои претставуваат мешавина како финален производ,
- Култури кои се одгледуваат последователно: се наведува културата со најголема вредност на производство или во случај на иста вредност на производство културата која најдолг временски период се одгледува на дадена површина.

Комбинирани култури

Комбинирани култури претставуваат култури кои се одгледани во извесен временски период заедно на иста површина и бербата за секоја од овие култури вообичаено е посебна во текот на сметководствената година. Вкупната површина помеѓу овие растенија е поделена пропорционално со површината која е всушност се користи од секоја од овие култури.

Меѓукултури - Меѓупосев

Меѓукултури претставуваат култури кои се одгледани последователно во текот на сметководствената година, на одредена површина, и не се сметаат како главни култури.

Податоци кои недостасуваат (колона 3)

Код 1: Ако не е прикажана површината на која е застапена одредена култура (колона 4) на пример, во случај на продажба на пазарни производи кои купувачот ги купил како засадени култури или кои доаѓаат од површина која е изнајмена за период помал од една година, и во случај на производство кое е добиено преку преработка на набавени животински или растителни производи во оваа колона се внесува код 1.

Код  2: Кога поради условите на продажба, не може да се дадат податоци за производството (колона 5), за култури под договор, во оваа колона се внесува код 2.

Код 3: Кога поради условите на продажба, не може да се дадат податоци за вистинското производство, за култури кои не се под договор, во оваа колона се внесува код 3.

Код 4: Кога недостасуваат површината и вистинското производство се внесува код 4.

Код 0 се внесува кога ги има сите податоци.

Површина (колона 4)

Површината се прикажува во ари (100 ари = 1 хектар), освен во случај на земјиште кое се користи за одгледување печурки која се прикажува во квадратни метри. Втората површина не се вклучува во вкупната површина (види наслов 183).

Површината за секоја култура е дадена во оваа колона, освен во случај на секундарни производи  и некои преработени производи. Производите кои се добиени преку преработка на набавени растенија и производите од пазарните растенија набавени како засадени растенија или пак кои доаѓаат од земјиште кое е изнајмено за период пократок од една година се наведуваат без наведување на површината. Код 1 треба да се внесе во колона 3 (Податоци кои недостасуваат).

За деталите кои се однесуваат на свеж зеленчук, дињи и јагоди (195 до 232) произведени во градини, за продажба на отворено и за деталите кои се однесуваат на цвеќе и декоративни растенија (233 до 238) одгледани на отворено или под заштитен простор се наведува вистинската површина која се користи за дадената култура. Доколку оваа информација не е достапна во сметките на земјоделското стопанството, треба да се внесе код 1 во колона 3 (Податок кој недостасува).

Производство во сметководствената година (колона 5)

Количините на производи од животни и растенија кои се произведени во текот на сметководствената година (без загубите на полето и на земјоделското стопанство). Овие количини се наведуваат за главните производи на стопанството (освен секундарните производи).

Овие количини треба да се прикажат во квинтали (100 кг.) освен во случај на јајца кога се наведуваат во илјади. Кај млекото, се прикажува количината на млекото во течна состојба, без разлика на обликот во кој тоа се продава, консумира на земјоделското стопанство или се користи за бенифиции во натура, или пак за цели на земјоделското стопанство (крем, путер, сирење итн.). Млекото кое е исцицано од телињата не е вклучено во производството.

Онаму каде, поради условите на продажба, вистинското производство не може да се одреди (види продажба на засадени култури и култури под договор), треба да се внесе код 2 во колоната 3 (Податоци кои недостасуваат) за култури кои се под договор и код 3 за другите случаи.

Вредност на почеток (колона 6)

Вредноста на производите во залиха (складирани) на почетокот на сметководствената година без добитокот. Производите треба да се вреднуваат по цена франко земјоделско стопанство на денот на вреднувањето.

Продажба (колона 7)

Вкупна вредност од продажбата (без разлика дали приносите биле добиени во текот на сметководствената година или не) од производите кои се во залиха на почетокот на сметководствената година и се ожнеани во текот на годината.

Вкупниот износ на продадените производи вклучува и вредност на производите кои се вратени на земјоделското стопанство (обрано млеко итн.) Втората вредност исто така се внесува под трошоци на земјоделското стопанство.

Сите плаќања за компензација (пример, исплати од осигурување за штети од град) во текот на сметководствената година треба да се додадат кон вкупниот износ од продажбата на производите за кои станува збор, онаму каде што можат да бидат алоцирани со продажбата на тие производи. Во спротивно, тие се внесуваат под насловот 181 „Останати производи и добивки„.

Грантови и субвенции кои се добиени за производи во текот на сметководствената година не се вклучуваат во вкупниот износ од продажбата; тие се внесуваат под насловот 112 (види инструкции за овој наслов). Кога трошоците за маркетинг, доколку има такви, се познати, тие не се одземаат од вкупниот износ на продажба, тука се наведуваат под насловот 71 „Други специфични трошоци за добиток„ или 76 „Други специфични трошоци за растенија„.

Сопствена потрошувачка на земјоделското стопанство и приходи во натура (колона 8)

Производите кои се консумираат од страна на домаќинството на носителот на земјоделското стопанство (вклучително и производи од стопанството кои се користат за подготвување на храна за излетниците) и/или се користат за плаќање во натура и услуги (вклучително и исплата во натура). Производите за кои станува збор се вреднуваат по цена од франко земјоделско стопанство.

Вредност на крај (колона 9)

Вредноста на производите во залиха (складирани) на крајот од сметководствената година, без добитокот. Производите треба да се вреднуваат по цена од франко

земјоделско стопанство на денот на вреднување.

Користење на земјоделското стопанство (колона 10)

Вредноста на производите франко земјоделско стопанство кои се во залиха (складирани) на почетокот на сметководствената година и/или произведени во текот на годината, користени како инпут во стопанството во текот на годината. Ова вклучува:

- храна за животни: вредност на производите франко земјоделско стопанство кои можат да се продаваат од стопанството (производи кои се во моментот расположливи за продажба) кои се користеле во текот на годината како храна за животни. Сламата од стопанството која се користи на земјоделското стопанство (како храна или легло) се вреднува само кога може да се смета дека е производ кој може да се продаде во регионот и кога тоа важи за годината за која станува збор. Млекото кое е исцицано од телињата не се вклучува во користењето на земјоделското стопанство.
- семе: вредност производи од франко земјоделско стопанство кои може да се продадат, а кои се користат како семе за посеви во текот на сметководствената година.